**Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје**

**Филозофски факултет**

**Институт за социјална работа и социјална политика**

**Последипломски студии отсек**
**Социјална работа**

# Магистерски труд

*Ефектите од примената на мултикултурните програми врз соживотот во општина Кичево*


**Ментор:**
Доц. Д-р Светлана Трбојевиќ

**Студент:**
Ханифе Зибери

Бр. на индекс:4350/12


**Скопје**

**2016**

**Содржина на магистерскиот труд**

1.Вовед....4

I. Дел

ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП НА ПРОБЛЕМОТ

1. Мултикултурализам ....7

1.1. Мултикултурализмот низ историската перспектива....8

1.2. Класификација на мултикултурните практики....9

1.3. Принципи на мултикултурализмот ....12

1.4. Мултикултурални практики....15

1.5. Мултикултурализмот во Македонија ....15

1.6. Кичево како дел од мултикултурното и мултиетничкото општество во Република Македонија ....16

2. Етнички групи: поимот, дефиниција и карактеристики....19

2.1. Етничките групи во глобалното општество- односите помеѓу мнозинството и малцинството....22

2.2.1. Етничката група како малцинство ....22

2.3. Етничките предрасуди и етничката дискриминација....23

2.3.1. Условите за појавување на етничките предрасуди ....26

2.4. Етничка дискриминација....27

2.5. Етнички интеграции и етнички конфликти ....28

2.6. Етничките предрасудии и етничка дистанца: Македонија како пример на културните екскумуникаци....30

2.6.1. Борбата против етничките предрасуди и стериотипи....31

2.7. Едукативно-образовниот систем како форма на надминувањето на предрасудите во мултиетничките општества: случајот на Македонија....32

3. Дефинирањето на поимите образование, образовни институци и мултикулурно образование ....34

3.1. Општеството и образованието ....34

3.2. Улогата на училиштето како воспитно- образовна институција....38

3.3. Целите на образованието во современите општества....................................................40
3.4. Мултикултурното образование .......................................................................................42
3.5. Улогата и значењето на образованието во мултикултурните општества.........................46
3.5.1. Културните аспекти на образовниот процес.................................................................47
3.6. Мултикултурното образование и етничките конфликти..................................................50
3.7. Мултикултурното образование во Р. Македонија ...........................................................53
3.8. Образованието во Општина Кичево ...............................................................................58

II. Дел

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. Предмет на истражување..................................................................................................61
2. Цел и карактер на истражувањето....................................................................................63
3. Задачи на истражувањето..................................................................................................65
4. Хипотези ...........................................................................................................................66
5. Варијабли на истражувањето............................................................................................67
6. Методи, техники и инструменти на истражување...........................................................68
7. Популација и примерок.....................................................................................................69
8. Статистичка обработка на податоците.............................................................................69
9. Дескриптивна обработка на податоците..........................................................................71
10. Валидноста на анкетарот.................................................................................................74
11. Обработка на податоците и интерпретација на хипотезите..........................................74

Заклучок ..............................................................................................................................91
Користена литература..........................................................................................................94
Прилог 1................................................................................................................................97
Прилог 2................................................................................................................................102

# ВОВЕД

*Денес кога целиот свет претставува едно „глобално село" можеме да констатираме дека многу земји во светот се хетерогени во етничка и културна смисла и се справуваат со ситуација на заедничко живеење на луѓе од различни националности.*

Современиот свет се карактеризира со неколку основни тенденции. Тој е мултикултурен и намалување на ефектите на осознавањето на различноста на интернационален и интеркултурен план има огромно значење. Светот се глобализира – народите се во зголемена економска, научна, културна и политичка меѓузависност. Под влијание на глобалните трендови се појавува мултикултурализмот што претпоставува создавање на услови кои ќе овозможуват коегзистенција и поврзување на луѓето од различни културни групи. Мултикултурализмот е модел кој се нуди како клуч за проблемите што се појавуват како резултат на различните култури и групи.

Мултикултурализмот го определиле Фоуерс и Ричардсон (Fowers, Richardson) уште 1996 година како социјално – интелектуално движење, кое сфаќајќи го разнообразието како основна карактеристика и основен принцип бара сите културни групи да останат рамноправни, односно цел на ова морално движење е да се зголеми достоинството, правата и признавањето на различност на различните групи. Ова движење се однесува на моралните и политичките традиции на евро - американската цивилизација. Ова е едно либералнио–идеалистичко движење, кое што ја шири идејата за индивидуалната уникатност на културните групи.

Проблемите што произлегуваат од мултиетничкиот и мултикултурниот карактер на населението од различни земји во светот се идентификувани различно и се применети различни политики за нивно надминување. Никаде во светот не е пронајдено универзално, применливо и комплетно задоволително решение на проблемите што произлегуваат од овој контекст.

Прашањето на заедничкото живеење е комплексен проблем со кој треба да се соочи секое општество кое е мултиетничко и мултикултурно. Еден од можните начини за соочување со овој проблем е поставувањето на човекот како индивидуа во центарот на

вниманието преку нагласката на основните човекови права и слободи, еднаквоста и социјалното вклучување како принципи за прелиминарна рамка за секоја дискусија или одлука, рамка независна од културното, расното и религиозното потекло на луѓето. Друг начин е соочувањето со неговите права како припадник на дадениот колективитет, во контекстов етничкиот.

Секое конкретно општество – држава, градело и гради специфичен начин на живеење, и во тој контекст, дефинира одредени вредности, кои за одредена популација се единствени, карактеристични и неповторливи, бидејќи културата зборува и е детерминирана од општеството и околината во која се создава. Во таа смисла и покрај постоењето на универзалните културни елементи, кои се карактеристика на секое општество, без разлика на неговите конкретни карактеристики, овие културни елементи различно се манифестираат и практикуваат во различни општествени средини. Затоа, зборуваме дека постои разлика помеѓу културите. Овие разлики, можно е да се надминат и се надминуваат, со поголема комуникација помеѓу различните култури и со поголемо почитување и толеранција на различните културни вредности, со што се спречуваат различните облици на нетрпеливост и културен национализам помеѓу припадниците на различни култури.

Република Македонија е демократско мултикултурно општество, а реалните позитивни манифестации на неговата етничка, религиска, културна и јазична комплексност претставуваат по многу нешта уникатна карактеристика во Југоисточна Европа и пошироко. Со текот на годините, во нашата држава забележливо е и навлегувањето на етникумите во сите државни институции, но и во секојдневното живеење на етничките Македонци. Токму поради овој факт, во Македонија, сѐ погласни и поактивни се различните владини и невладини организации, кои упатуваат на прифаќање на различностите, при што се организираат разни работилници, кампањи и реклами за мирен соживот помеѓу Македонците и припадниците на други етникуми и националности. Бидејќи живееме на исто тло, делиме заеднички вредности и знаеме дека тие луѓе се како нас, ние треба да имаме став на толеранција, а тоа е најопходно за мирен соживот.

Тендецијата за мирен соживот, познавањето на различните култури, меѓуетничката толеранција и надминување на предрасудите се промовира и во образовните институции

со цел да се подобрат меѓуетничките односи во земјата, бидејќи токму училиштето е место каде што децата се стекнуват со знаења и вештини кои ги практикуват цел живот.

Мултикултурализмот и адресирањето на меѓуетничките односи во образованието претставуваат основа за меѓусебното разбирање и градењето на кохезивно општество. Иако аспирациите за членство во ЕУ/НАТО се заеднички за сите граѓани на земјата, се поставува прашањето за подготвеноста на учениците да живеат во мултикултурното и мултиетничкото семејство на Европската Унија. Учениците во оваа земја прво треба да научат да ги разбираат, прифаќаат и почитуваат разликите во сопствената земја за да се интегрираат во сопственото општество. Потоа, тие може да тежнеат кон потполна интеграција во Европското семејство.

Токму поради овие причини во сите училишта во Република Македонија се применуват различни програми и проекти од ова област, програми кои се практикуват и во училиштата во подрачејто на Кичево, место каде што живеат повеќе етнички групи, место каде што се соочуват повеќе видови на култури. Овој магистерски труд е посветен токму на ефектите од примената на мултикултурните програми во образовните институции врз соживотот во Кичево со цел да се да се даде реална слика за состојбата на меѓуетничките односи во образовните институции и граѓаните на ова општина на Република Македонија. Воедно има за цел да утврди колку мултикултурните проекти што се применуват од страна на училиштата во Кичево се ефективни и помагаат во надминувањето на меѓуетничките проблеми, предрасуди и стереотипи, и создаваат улови за заеднички живот и толеранција меѓу етничките групи кои живеат во овој дел на државата.

I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП НА ПРОБЛЕМОТ

## 1. Мултикултурализам

Во денашно време, оваа тема предизвикува голема дебата и тоа на политичкото, филозофското, културното и јазично поле. Мултикултурното општество потикнува дискусии за некои суптилни вредности кои традиционално се поврзани со поимите држава, нација, раса, религија, култура кои истовремено посочуваат на политичките и социјални разлики меѓу луѓето. Мултикултурализмот, како карактеристика на современото општество, неизбежно ќе влијае на одредени водечки пресвртници на современиот човек и старото општество. Нивна замена со нови вредности на граѓанското општество, која има за цел "кршење на старите концептуални, идеолошки и културни огради" табуа за движењето на општествените и политичките знаци, кои индикативно биле негативни и забранети зони, во кои никој не може да ги меша различните културни идентитети. Прво, отвореното општество е мултикултурно, кое обезбедува слободата на соживотот на луѓето кои имаат различни политички идеи, позадина и различна религија.

Поимот *мултикултурно,* во принцип има за задача да ја опише разновидноста на природата на човековото општество. Мултикултурализмот не се однесува само на елементи на етничка или национална култура туку ги вклучува и јазичните, верските и социоекономските разлики. Постојат многу дефиниции за мултикултурализмот: за Докмановиќ мултикултурализмот е политика со која се регулират јавните односи помеѓу различните култури во определено општество. Додека, Доупер и Мур (превземено од Трбојевиќ, 2015:13) мултикултурализмот го дефинират како уметност на непречено комуницирање и поврзување на луѓето од различни културни групи. Токму интерактивниот однос меѓу културите е клучниот индикатор според кој едно општество треба да се именува како „мултикултурно“. Со еден збор "Мултикултурализам" е карактеристика на вистинска социјална ситуација, тој е соживот на луѓе кои доаѓаат и кои припаѓаат на општества со различни културни контексти.

Постојат дефинирани вредности преку кои се изразува значењето на мултикултурализмот. Тие вклучуваат:

- Лично освестување и самопроценка;
- Сличности и разлики;
- Мултикултурно уредување;
- Јазик и развој на концепти;
- Национален идентитет;
- Идеологија и вредносни системи;
- Начин на изразување (*Социјални вештини и одговорности на наставници и стручни работници во училиштето*, прирачник, OSCE, стр. 35).

## 1.1 Мултикултурализмот низ историската перспектива

Историски гледано светот од секогаш бил мултикултурен. Имено, корените на мулткултурализмот можат да бидат идентификувани во "полиглотски царства на стариот свет", како што се империите на Александар Македонски и Римската империи (Трбојевиќ, 2015). Мултикултурната поставеност на политичката мапа се провлекува низ севкупната историја, па така и средновековните империи, пред се Турската и Австро-Унгариската, почиваат да обединуваат големи територии на кои опстојат различни групации на народи. Додека во поновата историја мултикултурализмот го поврзуваме со посткомунистичките федерации како Социјалистички Сојуз на Советските Републики и Социјалистичката Федеративна Република Југославија (ибид.).

Имајќи во предвид дека јазачните и културни специфики се примарни во определување на мултикултурниот карактер на државите, може да се заклучи дека и денес светот во најголема мера е организиран во мултикултурни држави. Имено, денес во светот постојат 195 независни држави (193 членки и две држави со посматрачки статус) со над 600 живи јазични групи и 5000 етнички групи. Само мал број од овие држави како на пример Исланд, Северна и Јужна Кореа имаат ист јазик и припаѓат на иста етнонационална група (Kymllicka превземено од Трбојевиќ, 2015).

Мултикултурализмот како политички концепт се развива во рамките на западноевропската практика, потточно во рамки на западната демократија (Докмановиќ, 2005). Неговата специфична политичка цел била насочена кон предизвикување политичка

и културна хегомонија на Евроцентризмот (Mahaligam, McCathy, превземено од Трбојевиќ 2015). Мултикултурализмот се развива и до некаде е тесно поврзан со колонијалните држави кои вршеле дискриминација на расна основа, практикувале сегрегација во однос на домороденото население и имале асимилаторски однос кон неанглиското, не бело население. Но, под влијание на демократските процеси, овие земји ги ревидират своите истории и прават обид за измирување на историски нанесените човекови неправди [1].

Според Ибрахими, мултикултурната практика е застапена и во државите каде што ниту една националост нема екслузивно право кон територијата, односно државата, како што е примерот на Швајцарија и Белгија ( Ибрахими, 2005). Тој се јавува во услови на култури кои постојат на субнационално ниво Австралија и Канада.

Мултикултурализмот во некои земји е официјален[2]. Додека некои земји го имат прифатено на ниво на политики[3] и мултикултурални регулативи насочени кон зачување на културните поединости или културниот идентитет на групите (Трбојевиќ, 2015).

## 1.2. Класификација на мултикултурните практики

Голем број на автори се обидуваат теоретски да ги определат различните облици на мултикултурни практики, при што дел од нив, оваа класификација ја прават врз основа на неговата идеолошка позадина, додека дел поделбата ја прават врз основа на неговата функција, применливост и карактер. Едноставно може да се заклучи дека постојат многу различни форми и типови на мултикултурализмот.

Мек Ларен (превземено од Трбојевиќ, 2015:19) мултикултурализмот го дели на четири типа:

[1] На почетокот на 2008 година Австралискот премиер официјално, јавно им се извини на припадниците на абориџанската заедница и Торес Страит островјанската заедница, за неправдите кои Австралиската влада им ги нанела во рамките на својата асимилаторска политика.
[2] Индиа, Канада, Шветска, Малезија и тн.
[3] САД, Велика Британија и тн.

- Конзервативен мултикултурализам – пришто, мултикултурализмот се подразбира како гледиште кое е тесно поврзано со империјалистичкиот однос. Поточно, ова гледиште го позиционира белиот човек како просветител на пониските раси, што посочува на фактот дека конзервативниот мултикултурализам е асимилаторски модел на културната различност во кои белото население е земено како норма преку која се проценуваат припадниците на другите раси, етникуми и од тука тој е поврзан со зајакнување на хегемонијата на белата раса. Конзервативниот мултикултурализам тежнее кон маргинализација на оние кој се подведени под категоријата на другиот.
- Либерален мултикултурализам – поаѓа од становиште дека помеѓу расите постои "природна еднаквост". Овој тип на мултикултурализмот, често се нарекува "културнен туризам" и е присутнн во многу текстови на социјалната работа каде што се опишуваат стратегиите на работа со одредени групи на етничките малцинства. Во овие текстови не се поведува дискусија за белата раса. Според либералниот мултикултурализам, луѓето се "цврсто врзани" со фиктивниот идентитет кој се репродуцира, кој е својствен, траен и непремостливи.
- Лево- ориентиран либерален мултикултурализам – ги нагласува културните разлики значајни во дефинирање на тоа кој сме ние;

- Критички мултикултурализам – ја деконструира дуалноста поврзана со сличностите и разликите како клучни прашања во мултикултурната дебата. Критичниот мултикултурализмам ги вклучува следните карактеристики: (1) ја признава општествено-историски конструктција на расата, и нејзините крстосници со класа, пол, нација, сексуалноста и капитализмот; (2) создава педагошки услови во кои студентите ги истражуваат за условите на "другите"; и (3) ја оспорува идејата за социјална работа (и други општествени науки) како аполитична, транс-историската практика отстранети од борбата за власт во историјата.

Кога говориме за мултикултурализмот секогаш се сведува на една иста работа, а тое е постоењето на различни ситуации. Поентата е во користењето на зборовите, во

обидот да се опишат или идентификуваат различни предмети кои ние не веруваме дека на некои начин се доволно слични. Затоа многу автори прават определба или разни типологи на мултикултуарализмот во зависност од ситуацијата или аспектот на проблемот.

Определувањето на мултикултурализмот според Саркањац (2005:22) почива врз основа на различните политички обрасци при што тој издвојува три типа на мултикултурализам:

- Автономистичкиот мултикултурализам – според кој културните групи бараат еднаквост со доминантната група;
- Приспособувачки мултикултурализам – доминантнта култура прави отстапли на културните малцинства;
- Интерактивен мултикултурализам – бара да не се води автономен живот, туку да се создаде заедничка култура.

Додека, Павковиќ (превземено од Ибрахими, 2005) разликува два вида на мултикултурализам и тоа:

- Сегрегативен мултикултурализам- кој е поврзан си процесот на создавање на национални држави, кои се базират врз едниствот на крвта и земјата,
- Интегративниот мултикултурализам – се среќава во земји каде што ниедна националост нема ексклузивно право кон земјата како во Австралија и Канада.

Горе наведените поделби, ќе ги дополниме со типологијата која ја прави Голдберг (превземено од Алаѓозовски, 2005) според кој мултикултурализмот може да биде:

- Дискриптивен мултикултурализам – ја опишува зголемената хетерогеност на денешните општества,
- Нормативен мултикултурализам – инсистира на културна различност и релативизацијата на вредностите.

### 1.3. Принципи на мултикултурализмот

Принципите претпоставуват одреден сакан или задолжителен начин на постапување, а тоа значи дека во нормата се изразува еден модел, пример или начин на дејствување. Во контекст на мултикултурализмот од страна на Кимлика се издвојуваат минималните принципи кои треба да бидат запазени за да може да одредена држава да биде определена како мултикултурна. Имено тие ги посочуваат следните принципи:

1. Држава на сите граѓани – државата се гледа како држава на сите граѓани, спротивно на тоа што во минатото државата се гледала како држава која е во посед на една нација.
2. Отфрлање на асимилацијата и ексклузијата – како последица на мултикултурализмот државата ги одбива асимилаторските политики во однос на членовите на малцинските или доминантите групи.
3. Признавање на нанесена историска неправда (корекција на нанесентата историска неправда). Во рамките на мултикултурализмот се признава историската неправда која најчесто е наненсена на малцинската група. Државата ја презема обврската да ја преуреди историјата, јазикот и културата на недоминантната група на ист начин како на доминантната група (Трбојевиќ, 2015).

### 1.4. Мултикултурални практики

Големиот број на мултикултурни држави неминовно водат кон појава на бројни мултикултурни практики. Меѓу нив како позначајни ќе ги наведеме практиките кои се застапени на Северно Американскиот континент, Австралија и Европскиот континент. Во дел од овие држави, пред се оние кои настанале по пат на колонизациската експанзија на Европа, постојат убедувања кои се рефлектираат врз внатрешната политика во однос на недоминантните, најчесто домицилните или подредените групи. Овие политички гледишта низ историјата варираат од убедувањето дека дека ‘домицилинте’ групи (луѓе)

ќе исчезнат, ќе се претопат, до убедувања кои се преточиле во политика на одземање на земјата (посед), создавање на резервати и рестрикции во однос на практикување на културата на одредени места. Притоа, некои од овие држави со цел да ја измират историски нанесената неправда, водедуваат најразлични афирмативни мерки на таканаречена „позитивна дискриминација". Таков пример се и САД, каде се обезбедуваат посебни стимулации за домородното население во однос на стипендии за школување. Корисник на овој вид стипендија може го биде секој кој имаа барем една четвртина индијанска крв. Покрај тоа, резерватите претставуваат самостојни Федерални единици (Трбојевиќ, 2015). Имено, американското општество од секогаш се смета за мешано мултикултурно општество. Но, во овој американски мултикултурен простор, бил обединет преку хибридната државна творба која е јазично и идеолошки обединета во американска нација иако истата не секогаш низ историјата имала ист третман за разчните по раса нејзини припадници. Овој вид на американски мултикултурализам не е ниту спонтано течење на американскиот соживот туку е резултат на фрустираните етнички групи (мигранти) кои реагираа против фрагментација на американското општество по етничка основа.

Мултикултурализмот во Канада е во тесна врска со судирот на две поголеми групи од една една страна "англо-ирската" и на другата страна “франкофонската". Мултикултурализмот во Канада беше наменет прво, како продолжување во поглед на двојазичноста на односот на групите, и се обиде да ги помири сите групи во сите области, со цел на создавање на национален идентитет. Културниот израз на политиката на мултикултурализмот се обидува да навлезе во социо-културната димензија и притоа да ги намалат социјалните тензии меѓу етничките групи. Еден таков модел, не го прифаќат повеќето од "француски Канаѓани" бидејќи во тоа ја гледат стратегија на англокелтите, според кој има тенденција да се намалат привилегиите особено на франко-канадската група.

Мултикултурализмот од 80-тите години, е исто така официјалната политика на Австралија, но за овој проект немаше потреба од поголема поддршка отколку во Канада. Во Австралија, мултикултурализмот го замени расната дискриминација против имигрантите, особено од Азија. Во 1982 година во оваа земја се донесе политички документ со името "мултикултурализмот за сите Австралијци". И денес не е

структуриран мултикултурализмот и за неговото спроведување не постои консензус. Етничка припаднос во Австралија денес се гледа како нешто природно. (Џордон и Вендон, 2000:292-308). Една такво мултиетничко општество е поделено на етнички сегменти, и може трајно да доведе до ризик од сепаратизам, додека т.н. заеднички вредности требат да обезбедат социјална интеграција и кохезија на различните етнички групи.

Во Европа, Шведска, Холандија и Англија, се сметаат како места во кои е прифатен (барем во некои сегменти на јавниот живот) мултикултурализмот. Во Шведска, политиката на мултикултурализмот е прифатен во 1975 година и се базира на три принципа: а) еднаквост на животниот стандард на малцинските групи во однос на другите популации, б) на слободата на избор помеѓу етничкиот идентитет и специфичен идентитет на швеѓаните и в) партнерство, со цел за да се обезбеди каков вид на односи со другите популации. Во Холандија, мултикултурната политиката влезе во 1979 година, миграционите етнички групи влегоа во постојниот систем, кој овозможува на нова улога на советодавање во институциите кои ја утврдуват политиката (од образованието, телевизијата и синдикатите), што може да има влијание врз културниот живот на сите етнички групи.

Во некои други земји од Западна Европа, на пример, во Германија, нема официјална политика на мултикултурализмот на национално ниво, но постои можност за имплементација на мултикултурализмот на локално ниво (Синани, 2014).

Според ова можеме да дојдеме до заклучок дека во денешно време државите не се разликуват само од тоа во кој период се формирани туку од начинот на кој се формирани и во однос на тоа како ја прифаќат идејата на мултикултурализмот и на кој начин ја имплементират истата.

Според ова никои држави обидувајќи да ја измират историската неправда воведуват различни афирмативни мерки на таканаречената **позитивна дискриминација**. А во некои држави се имплементира **мултинационален и мултилингвален федерализам.**

## 1.5. Мултикултурализмот во Македонија

Мултикулурниот карактер на Република Македонија се огледа во нејзината етничка структура во која покрај доминантното македонско население, албанците претставуваат најголемо етничко малцинство, потоа следат, србите, ромите, турците и власите. Но, наспроти политичката интегрираност на етничките малцинства во изградбата на македонското демократско општество, евидентна е дискрепанцијата во застапеноста на етничките малцински групи во партиципацијата. на владината структура (Трбојевиќ, 2015).

Македонија во текот на 25 години независност и воспоставување на политичкиот плурализам направи напори да имплементира делумен модел на мултикултурализмот врз основа на мултиетничкото општество. Од една страна, во најголем дел од овој период, претставниците на етничките групи беа вклучени во водечките структури на власта и имаат високи позиции во министерствата, од друга страна тие долго време не беа еднакво претставени на пониските нивоа на власт. Ваквиот низок степен на интегрираност ја наметна потребата од уставни промени, кои следеа по конфликтот во 2001 и Охридскиот рамковен договор, беа промовирани позитивни промени во заштита на правата на малцинските групи.

Долги години, со ниту еден официјален документ или друга институционализирана форма во Македонија (со исклучок на неколку форуми организирани од здруженија или неформални форуми) не се разговараше ниту се споменуваше мултикултурализмот како модел на етничката хармонија и зачувување на културниот диверзитет и развој.

Во периодот на еднопартискиот систем, кога Македонија беше дел од поранешна Југославија, културната политика и платформа беше скриена под идеолошото мотото на комунизмот и целосна рамноправност, заради административната организираност во републики и покраини. Во тие асимилаторски процеси, во практиката, се инсистираше на асимилациската парадигма која за цел ја имаше асимилација на помалите културни и етнички групи до третата генерација. Најдобар пример за тоа во Македонија беше проектот на мешаните паралелки во средните училишта во кои иако во населени места каде мнозинското население беше албанско, тие се прераспределуваа во мешани

паралелки каде мнозинството беа македонски ученици, и каде процесот на настава целосно се одвиваше на македонски.

Според (Синани, 2011) доминантната политика на фаворизација на културата на мозинсвото, фаворизирање на традицијата, историја и вредности својствени на македонската култура како официјална политика на земјата продолжил и по 1990 година. Македонската долга транзиција донесе социјална диференцијација на населението на земјата, економската несигурност и политички хаос, или тивко продолжение на старата политика. Нарушените принципи на еднаквост и обидот за наметнување на културна хегемонија над етничките малцинства, ќе бидат постојан предмет на проучување, пришто мора да се анализира и сегашноста. Сепак може да се заклучи дека мултикултурализмот во Македонија се уште не ги дава очекуваните резултати во ниту еден од своите облици, ниту на повисоко, ниту на пониско ниво.

Повеќе националната структура на земјата, верскиот и етничкиот диверзитет, различните традиции и идеологии, поттикнаа не само различни етнички проблеми, но и конфликти, како оној во 2001 година (без разлика дека мотивите на овој конфликт може да се повеќе политички, отколку на обемот на правата за рамноправност на Албанците). Во нашето општество се уште има толку многу разлики во форма на етнички конфликти, културни, религиозни и јазични малцинства, а тоа претставува содветно поле не само за етничките предрасуди, стереотипи, туку и за културниот етнички хомогенизам од култура на мнозиството. Тоа длабока поделба и разлика која е присутна во Македонија, е моќен антилиберализам (бидејќи во суштина либерализмот се состои од подготвеноста да се изгради општество во кое и покрај релативно високиот степен на значителни разлики, постои подготвеност да се жртвува сопственото за она што е на другиот му е значајно за заеднички соживот, Синани, 2011).

## 1.6. Кичево како дел од мултикултурното и мултиетничкото општество во Република Македонија

Општина Кичево се наоѓа во западниот дел на Македонија, географски е лоцирана во долината Кичево, која целосно е опкружена од сите страни со високи планини. Општинскиот центар, исто така, е и седиште на градот Кичево. Општина Кичево воедно е сочинета од урбани и рурални населби, истата според пописот од 2002 година брои околу 30.138 жители. Според истиот попис, демографската структура на општината ја сочинуваат 53% Македонци, 30% Албанци, Турци 8%, 5% Роми, па околу 4% Срби, потоа Бошњаци, Власи и други.

По последните локални избори, доајде до големи промени во структурата на територијата на ова општина, исто така беше направена реконструкција на нејзините граници, преку припојување на општините Осломеј, Зајас, Другово и Вранешница, а со тоа дојде до промени на демографската и етничката структура на населението во општината. Според оваа прераспределба, општината има околу 56.739 жители, кои според етничката припадност се: 54% Албанци, 35% Македонци, 5% турци, 2% Срби, Роми, Власи, Бошњаци и други. Карактеристично за Општина Кичево е дека населението живее во етнички населби, што доведува до заедничка поделба меѓу граѓаните по етничка линија.

Кичево е еден од најстарите градови во земјата и во регионот во кој и во минатото живееле, и се уште живеат култури и цивилизации, кои оставија свој печат врз развојот на регионот, Кичево е збогатен со вредни споменици на материјалната култура низ вековите. Меѓу најважните е замокот на Општина Кичево, на ѕидовите од кои е "Саат-кула" Кичево, потоа важни религиозни објекти, кои сведочат за долга верска традиција во овој регион, како Црква "Свети Петар и Павле", џамијата Јума, и тн. Сепак, Општина Кичево е исто така богато со археолошки локалитети од различни периоди, со кои се докажува постоењето и вековната традиција на овој крај.

Општината нема донесено посебна програма посветена на промоција на активности за унапредување и зајакнување на меѓуетничкиот дијалог и меѓукултурното разбирање, учествува во оваа област преку заеднички активности и во координација со организациите на граѓанското општество и училишта. Општина Кичево, е во постојан

контакт со обичните граѓани, преку реализација на директни средби или преку периодични испитувања на јавното мислење во форма на истражувања, на којашто граѓаните можат отворено да ги пријават своите потреби и проблеми, кои бараат од општината да се најде решение

И покрај етничката поделба меѓу луѓето во "етнички населби", граѓаните на Општина Кичево, силно го потенцираат етничкото и мултикултурното живеење, толеранцијата и соработката во овие области. Во областа на културата и интеркултурното разбирање, општината преку заеднички активности и во координација со граѓанскиот сектор, организира, одржува и поддржува културни и уметнички настани, кои по својот состав ги поврзуваат припадниците од различните етникуми, како еден од најефикасните начини за надминување на етничките стереотипи. Па така преку промоција на овие настани го поттикнуваат запознавањето на другите и го промовираат меѓукултурното разбирање помеѓу различните заедници.

Со цел да се подобри, да се зајакне и промовира меѓукултурниот дијалог и разбирање во општина Кичево, преку унапредување на интеркултурна комуникација и соработка помеѓу граѓаните, припадниците на различните заедници, општина Кичево во соработка со Асоцијацијата за демократски иницијативи подготви една стратегија која едногласно е одобрена од советот на општината во март 2014 година.

Во овој контекст, стратегијата првенствено има за цел да го зголеми сегашниот капацитет, како и да создаде нови капацитети за активно и директно учество на граѓаните во промовирање на интеркултурното разбирање меѓу заедниците. Исто така, во Стратегијата се поаѓа од основната премиса дека само со познавање на културата, традицијата и идентитетот на другите, може целосно да се надминат разликите, означени и да се слават сличностите, како и да се создаде атмосфера на живеење каде граѓаните ќе живеат едни со други, а не едни покрај други.

Општина Кичево, има за цел со постојната пракса на успешното мултиетничко живеење, да се разменат модели на делување и долгорочни одржливи активности преку:

- Напредок на интеркултурна интеракција преку иницирање на учењето на јазиците на сите заедници.

- Организацијата на културните заеднички настани и активности насочени кон унапредување на меѓукултурното разбирање меѓу граѓаните од различни етнички групи.

- Подобрување на комуникацијата меѓу учениците од различните заедници, преку образовните и необразовни интегрирани активности.

- Распоредување на чести организирани спортски мултиетнички и мултикултурни активности.

- Подобрување на постоечките институционални капацитети, како и создавање на нови, во кои ќе граѓаните од различни етнички заедници ќе учествуваат директно, а кои ќе промовираат меѓуетничката интеракција и соработка.

Општина Кичево, свесна за значењето на интегрираното образование и образовниот процес во формирање на идните генерации во духот на мултикултурализмот, има за цел да ја зајакне мултикултурната и мултиетничката интеракција и комуникација помеѓу учениците од различни етнички заедници, има за цел да презеде еден пакет на активности како што се: организирање на заеднички излети на сите ученици од сите етнички групи, организирање на учење за деца од различни заедници, организирање на натпревари помеѓу училиштата за знаење помеѓу мултиетнички екипи, организирање на вонаставни активности, со активно учество на родителите, организирање на дебати со теми поврзани со интеграција во образованието.

## 2. Етнички групи: поимот, дефиниција и карактеристики

Поимот "етнос" во поширока смисла се однесува на нацијата како една целина со идентични традиционални и културни карактеристики. Овој поим го означува и поимот националостот како заедница, која не го има достигнато нивото на нацијата, па отука со него се означуват и националните малцинства. Некои автори мислат дека овој поим ги

има сите атрибути што една нација ја прави посебна, односно нејзините членови се од иста крв и живеат заедно. Генерално може да се заклучи дека под поимот етничка заедница се подразбира поголема група на луѓе или помала што има посебно име (националост, малцинство, народ, или нација).

"Под етничка припадност се подразбира ситуацијата во која поединците преземат акции под матицата на нивната културна практика и имаат такви карактеристики што се разликуваат од припандниците на другите етнички заедници. Членовите на истата етницка припадност ја создават етничката група".

Членовите на етничката група почесто се разликуват помеѓу себе според јазикот, религијата, историското потекло, традицијата, правилата на однесувањето, фолклорот итн. Никои од овие елементи можат да бидат исти кај различните групи, но се разликуват од други елементи. Сите овие разлики се длабоко вткаени кај поединците преку силните процеси на акултурација и социализација.

Етничката припадност има врска со практиките и културните погледи што разликуваат кај една одредена заедница на луѓе. Членовите на етничките групи себе си се сметаат како посебни од аспект на културата на другите групи во општеството, а исто таков став кон нив имаат и другите групи. За да се разликуват ентичките групи една од друга може да се послужат различните карактеристики, но најважни се: јазикот, историјата или потеклото, религијата и начинот на облекување.

Голем број од модерните општества вклучуват голем број на различни етнички групи. Во Англија, Исланд, Азија, Западна Индија, Италија и Грција имигрантите создават етнички заедници различни од поширокото општество. САД се смета поразлично општество во односа на етничката припандост на жителите во Англија и вклучуват заедници на имигранти од сите страни на светот.

Многу општества денеска се плуралистички. Плуралистичките општества се тие во кои има некои поголеми етнички групи вклучени во истиот политички и економски систем, но кои се разликуват многу една од друга.

Етничките разлики ретко се неутрални. Тие обично се придружени со нееднакаквости во богатството и моќта, и антагонизми кои постојат помеѓу групите.

Според Пол Бра постојат три начини на дефинирање на етничките групи:

- Објективните атрибути, објективната дефиниција подразбира дека ниеден објективен атрибут на групите не е неменлив, групите морат да поседуват културни карактеристики што јасно ќе се разликуват од поединците на другите групи што исто така се сметаат како етнички групи. Тие карактеристики почесто им припаѓат на јазикот, територијата, религијата и бојата на кожата.
- Субјективните чуства, субјективната дефиниција има свои потешкоти бидејќи со ова е потешко да се дојде до сознанија за тоа како е дојдено до субјективната свест.
- Бихејвиоралното оденсување покажува како етничките групи се оденсуват со другите етнички групи. Ова подразбира дека основните карактеристики на етничката група ќе ги откриееме од односот спрема другите групи.

Со цел да ја разбираме суштината на поимот етничка заедница, на кратко ќе зборуваме за главните елементи без кои навистина не може да се објасни поимот:

- Прво, етничката припадност се однесува на поедници кои покриваат една територијална заедница, иако во никои ситуаци ова не е случај. Етничката заедница може да живее со силни спомени во рамките на традицијата и културната поврзаност на членовите на својата заедница. Во овој случај се работи за етничките заедници во дијаспората. Територијалната заедница може да биде само минато за тие заедници. Тоа е многу важно симболично затоа што за татковината се сеќаваат со посебна љубов.
- Второ, јазикот и религијата исто така се елементи што учествуваат во формирањето на етничкиот идентитет на една општествена заедница. Улогата и важноста на религијата во конституирањето на етничката заедница е многу важна. Нејзината функциија е да ја поддржува групата, организирање на активности со нејзините членови, со еден збор е многу важен нивниот придонес во секојдневниот живот.

За етничката заедница важни се и други два елементи кои влегуват во најзината содржина:

- Заедничката историјата што е поврзана со минатото и која се толкува на тој начин што содржи елемнти на солидарност.

- Чуствата за заеднички идентитетот со етничка заедница.

## 2.2. Етничките групи во глобалното општество

Поимот етницитет и етничка група во социолошката литература е нов, но во заеднички дебати и дискуси бил употребуван со векови. На грчкиот јазик, од каде што е и неговото потекло го среќаваме уште во првите книжевни записи. Поимот етницитет им припаѓал на човечките заедници, но подоцна се заменува со поимот народ.

Широката употреба на овој поим во современата социолошка литертуара го прави многу важен поим, затоа врз основа на тоа што до сега е нагласено, ќе ја споделиме дефиницијата на Шерменхорнт според кого: "*Етничката група го претставува колективитетот на едно пошироко општество, кое има заедничко потекло, заедничко историско минато и културен фокус на еден или повеќе симболични елементи определени во содржината на својот народ*". Како симболични елемети се: сродството, физичкото постоење, верската припадност, јазикот или диалектите, генетската припадност и тн.

### 2.2.1. Етничката група како малцинство

Во последните децении етничката група се повеќе им наликува на малцинствата. Една од првите дефиниции која зборува за ова сличност е дефиницијата на Виртит според кого: "*малцинство е она група на луѓе кои заради своите физички и културни карактеристики се одделени од другите во општеството во кое живеат и имаат нееднаков тратман и затоа тие се доживуваат себе си како објект на колективна дискриминација*".

Во последните две децени Вејгли и Харис анализирајќи ги малцинските групи во контекс на формирањето на државата посебно во современите држави укажуват на овие карактеристики:

- Малцинствата се подредени на сегменти во своите државите;
- Малсинствата имаат посебни физички и културни атрибути со што се ценети пониско од доминантното општество;
- Малцинствата се свесни еднинци што стојат еден до друг заради посебните атрибути што ги одвојуваат нивните членови од другите;
- Членството на малцинствата се пренесува преку наследсвото што ги вклулува и идните генераци и ако немаат некои посебни физички и културни атрибути;
- Луѓето од малцинствата се обидуват да склопуваат и браковите во рамки на истата група.

Во определувањето на етничката група како малцинство, се обележува нивната состојба во рамките на глобалното општество, односно во социјалниот простор што го делат со мнозинството.

Во националната држава се подржува идеајата за еднаквост, ограничена е на три основни елементи на правото поврзани институционално:

- Граѓанските права, како лично право, слободата на зборот, мислата и убедувањата, правото за лично сопсветност и учествувањето на полноважен договор и тн;
- Политичките права, како правото за глас и правото во учество во јавните услуги;
- Социјалното право, како правото на благосостојбата и економската сигурност, правото за наследсво и да се живее еден живот во согласност со општествените стандарди.

### 2.3 Етничките предрасуди и етничката дискриминација

Различните етнички групи се оптоварени со предрасуди за другите, обременети се со активности поврзани со расна и етничка дискриминација.

**Под предрасуди подразбираме мисли или ставови на една етничка група за другата етничка група.**

Тие често се основуваат на одредени гласнини за другите, и ако вистината може да биде сосема друга. Етничките предрасуди постоеле секогаш низ човековата историја. Во обидувањето да се објасни ова, треба да навелземе во тоа како ја разбира психологијата и социологијата, но прво треба да направиме јасна разлика во однос на предрасудите од дискриминацијата.

Предрасудите имаат врска со мислењата и ставовите одржани од страна на членовите на една група спрема друга, додека дискриминацијат има врска со актуелното однесување спрема припадниците на таа група. Предрасудите вклучуват зачување на убедувањата стекнати претходно за еден поединец, се базира повеќе на тоа што се зборува отколку на реални факти, убедувања што им се спротистават на промените, дури и на една нова информација. Луѓето можат да имат позитивни предрасуди спрема групите со кој се индетификуват и негативни предрасуди спрема другите. Тој што има предрасуди спрема една посебна група не прифаќа, па дури несака ни да ги ислуша.

Предрасудите се обвинувања што се појавуват без логично размислување, проследени со интезивни чустваа во кои преовладуваат повеќе психолошки елементи отколку тие што се логични.

Психологот **Алпорт** смета дека: *етничките предрасуди се антипати базирани на една погрешна генерализација, кој може да се забележи и да се изрази и која може да биде насочена кон групи како селини или спрема поединиц ако тие се членови на тоа група.*

Според ова може да дојдеме до заклучок дека кај предрасудите разликуваме две компоненти:

1. Когнитивната компонента, генерално предрасудите се основат на ова компонента, но таа произлегува од погрешен извор од нелогичното размислување, т.е. од нецелосно познавање на поединецот или ѓрупата спрема кого е насочена антипатијата или омразата. Како пример може да бидат меѓусебните предрасуди на албаниците и македонците во Република Македонија. Предрасудите на овие две поголеми етнички групи се основани на оваа компонента, бидејќи меѓусебните контактити и комуникации се симболични, да не кажеме дека не постојат. Овие предрасуди се манифестират бидејќи луѓето во своите глави формираат ставови, мислења, имаат изградено систем на вредности според кого и ги ценат позитивните и негативните работи.
2. Емоционалната компонента, е резултат од ирационалното мислење, оваа компонента доаѓа до израз во процесот на идентификација кога поединецот се индетификува со целата група и обратно.

Предрасудите имаат социјален и етнички карактер:

- Социјалните предрасуди, може да ги срекаваме и во рамките на еднен ист народ или етничка група и произлеѓуват од структурниот карактер на групата. Карактеристично е дека луѓето заземат конкретни ставови спрема поединиците врз основа на нивните ставови спрема некоја категорија на луѓе, без оглед дали се или не се правилни.
- Етничките предрасуди, се доминанти повеќе во хетеро-етничките заедници, конкретно помеѓу доминантните и недоминатите групи. Овој вид на предрасуди е поостар и почуствителен, поинтезивен и подинамичени и од овие зависи перспективата и развојот на едно општество.

Руди Супек врз основа на дефиницијата на Алпорт предрасудите ги дефинира како:” *антипатија основана во погрешна генерализација, што не излегува од логичикот дефицит на човечкото размислување, но излегува од афективната идентификација на поединецот со својата група”.*

Предрасудите можаат да бидат и во позитивна насока спрема другите, како симптија спрема луѓето и спрема социјалните појави.

### 2.3.1. Условите за појавување на етничките предрасуди

За условите кои придонесуват за појавувањето на етничките предрасуди има многу мислења, некои автори сметаат дека тоа се економскиот, политичкиот, културо-едукативниот и иституционалниот фактор и тн.

Додека некои други им дават повеќе важност на псиколошкиот фактор како што се: чуствата, фрустаците и агресивноста и тн.

- Економскиот фактор, емпириските истражувања во мултиетничките заедници го потврдиле овој став како точен. Во многу држави со повеќенационален состав, каде еден етничка група доминира во сите области на животот, постои економската експлоатација, експолатација на материалните бенифити во целиот регион без оглед која етничка група живее таму. Во ова област на економските проблеми и на економската дискриминација влегува и политиката на вработувањето, развојот и унапредувањето на земјата. Областата на социјалната политика, е исто така еден фактор за појавувањето на предрасудите, како последница од неефикасен и неадекватен за сите етнички групи.
- Политичкиот фактор, исто така влијае во создавањето на предрасудите, ако луѓето не се еднакви пред законот, се дискриминират и не се почитуват основните човекови права.
- Културо-едукативниот фактор, исто така влијае во подлабочувањето на меѓуетничките тензии, особено преку дискриминација во ова област. Ова се случува кога доминантата етничка група ги има сите права и е привилегирана е во споредба со другите етнички групи, на кои не им се почитуваат разликите, религијата и тн.

Уште еден од главните фактори што влијаат на појавувањето и ширењето на предрасудии е институционализацијата на предрасудите спрема етничките групи. Во сите мешани етнички заедници каде се појавуват овие форми на дискриминации, претставниците на доминантат етничка група се покажуват како супериорни и привелигирани спрема другите.

Од психолошки аспект, има луѓе што поради нивните индивидуални карактериситки манифестират агресивност, нетолеранција спрема другите, и себе си се сметаат како супериорни додека другите како инфериорни. Сите овие манифестации влијаат за создавање на предрасудии, тензии и несогласувања од етнички карактер.

## 2.4. Етничка дискриминација

Етничката дискриманција е општествена појава која својата основа ја имаа во предрасудитите, додека предрасудите се основани на стериотипи за членовите на една одредена етничка група.

Поимот стереотипи претставува отсуство на мотив и желба за истражување и неспособност за откривање на информации потребни за фер суд на луѓето и ситуациите и се основната причина за генерализација на една личност со одредена група на луѓе. Исто така, треба да кажеме дека стериотипите не се поврзани само со етничката припадност, тие можат да бидат од различни области како што се стериотипите за половата припадност, стериотипи поврзани со одредена професија, на пример за полицајците.

Она што е важно за нас се етничките стериотипии, тие се наоѓат во главите на луѓето и се потпираат на тоа што се зборува за другите, без оглед дали се вистинити или не. Човековтата акција не е основана врз директно и определено сознание, туку врз сликата што човекот сам ја направил или му е дадена. Тој не реагира на реалноста, реалниот свет, туку на неговата рекострукција на тој свет, односно реагира на стериотипите, а не на самиот објскт (Ацски, 1998:182). Зборовите и гласнините влијаат многу во зајакнувањето на стериотипите кои вообичаено се пренесуват од генерација на генерација. Факт е дека стериотипте за една одредена етничка група е многу тешко да се променат, да се отстранат и наместо да се намалат, тие спротивно се повеќе се длабочуваат.

Стериотипите се тесни поврзани со таканаречените “маченици” и “жртви”, и според ова теориа членовите на еден одредена етничка група со цел да ги скрие своите дефицитии, пороци, историски грешки и чуството на вина, се обидуват вината да им ја

префрлат на тој што има улога на “виновен старател”. За некои историски и општествени настани секокаш треба некој да биде виновен.

Стериотипите како посебни облици на размислувања се претвораат во предрасуди, кои не се ништо друго освен  изразени верувања и вредности што поединецот или групата ги има за членовите на одредени групи. Значи дека еден вид на присутни размислувања кај стериотипите се претворени во убедувања и ставови,  во меѓувреме  предрасудите се уште се наоѓаат во човековата логика и не охрабуват никаква акција. Предрасудите вообичаено се изразуват со чуството на напријателството и дискриминација спрема националните малцинства што се наоѓаат во една општествена и политичка заедница.

Од моментот кога од зборовите преминува  на дела, од тогаш стериотипите и предрасудите се претвораат во дискриминација. Во рамките на овој општествен процес членовите на една етничка група преминуват на конкретни дела со што ги дискриминират членовите на другата етничка група. Во овој случај се дејствува во сите области на општествениот живот како во економскиот, образовниот, политичкиот аспекти во други области како релеигијата, културата, уметноста и јазикот и тн.

Дискриминацијата се поврзува со активности што служат за да ги исклучат членовите на една група од можностите што им се дават на другите на пример како тоа што едно лице со азијатиско потекло не му се дозволува да работи некоја работа што е за белците. Иако предрасудите често се основа на дискриминацијата, тие можат да постојат и одделено. Луѓето можат да имаат и предрасуди а да не преземат акци според тоа, значи дискриминацијат може и да не биде основано дирекно од предрасудите.

### 2.5. Етнички интеграции и етнички конфликти

Како последница на глобалните емиграции еден голем дел на општествените заедници се мултиетнички. Кога на ова ќе им се додададат и етничките заедници кои од минатото  имат мултиетнички карактер, тогаш е многу јасно дека и денеска современото општеството нема ни еден општествен систем составен од една етничка заедница.

Емиграцијата како општествена појава е присутена во сите земји без оглед дали се развиени или не, а последниците од ова појава се комплекси и различни. Емиграцијата како појава на почетокот се развии без оглед на човековата желба и општествените системи, но неговото присуство заззема место и улога во внатрешните односии во една одредено општество.

Емиграцијата исто така влијае врз создавање на малцински групи и имплементацијата на мултикултурализмот. Емигрантите се лица кои со сопствена волја ја напуштат матичната држава и емигрират во друга земја со единствена цел а тоа е подобар животот.

Процесот на емиграција се поврзуа со процесот на асимилација и акултурација. Групите на емигранти почнуват на играат поголема улога во сите области на општествениот животи, и во тие места се појавува таканаречениот однос домашни и мигранти каде што од мигранитте групи се очекува д аго прифатат доминантата култура на домашните. Во некои земји како што е например САД преку таканаречениот **казан на претопување,** политичките култури успеале во доминаната култура да воведат еден дел од културните елементи од дојденците, но во никои земји доминатите групи не ги прифаќат најдобро малцнките групи и се обидуават да ги зачуваат без оглед на се елементите на својата култура, и поради ова некои одредени етнички структури не успеват да се интергират во тоа заедница, и во некои случаи ова е еден од причинте за појава конфликтите.

Поимот конфлкит потекнува од латинскиот јазик “ **conflictus**” што има значање на зборот спротиставење. Ги подразбира различните видови на спротиставување, што се поврзуват со разни инциденти што имаат спротиставен карактер. Под конфликт се подразбира реалната војна помеѓу членовите на една етничка група, без оглед што е причината за тоа војна или начинот и средствата што ги користат страните вклучени во тоа војна. Конфликтот е борба за превласт врз ретките дефицитарни ресурси. Тој може да има насилнчки карактер, може да се изразува како забрана за учество во политичкиот и економскиот живот, може да биде изразен и како напад врз културата на малцинството, може да биде и забрана за употребата на јазикот или слободно исповедање на верата (Ацески, 1998:180).

## 2.6. Етничките предрасудии и етничка дистанца: Македонија како пример на културните екскумуникаци

Етничките групи претпоставуват еден од најчувствителните индикатори за состојбата на односите помеѓу групите што живеат во една иста област. Војната за опстанок, во себе ја вклучува и војната за престиж. Преку мислењето кое групите го имаат за себе и за другите ги нагласуват своите граници, се ограничуват себе си од другите, ги откриваат оние вредности што ги промовираат како пријатели, и исто така ги потенцират тие вредности што од другите создават непријатели. Стериотипите и предрасудите низ цела човекова историја се покажаа како успешни алки за одржување на дистанцата помеѓу етничките групи.

За етничките предрасуди и етничката дистанаца во Македонија како мултиетничка и мултикултурна држава ќе посочиме примери од македонската литература, каде што се единствено се истакнува творештвото на пистаелите од македонската етничка припадност. Притоа, не можат да најдат заеднички теми од областа на меѓуетничките односи. Наставните содржини во суштина се сведуваат на фактот дека секоја етничка група ги чита своите писатели, со што секој се задржува на своите национални контури. Ова придонесува учениците да формират еден сосема друг поглед за нивниот заеднички живот.

Образовниот процес овде се претставува како генератор на меѓуетничките тензии бидејќи ова влијае младите да бидат затворени во себе , изолирани, да не комуницираат меѓу себе, и исто така влијае за младите да мислат дека од сите страни се опкружени со непријатели и дека немат ништо заедничко меѓу себе.

Сепак може да се констатира дека крајно време е во образовниот систем да се преземат некои реформи, бидејќи улогата на училиштето и образовниот систем не е да создава граѓани со предрасуди, но да создаде образовани и независни граѓани што ќе можат самите да го разликуваат доброто и лошото.

### 2.6.1. Борбата против етничките предрасуди и стериотипи

Борбата против етничките предрасудии и стериотипии завземат важно место во обидот за надминување, решавање и намалувањето на тензиите на меѓуетничките односи. Се знае дека етничките предрасуди и стериотипи се извор на меѓуетничките тензии особено во мултиетничките земји. Последниците од етничките предрасудии и стериотипии се чуствуваат во сите области на животот, бидејќи тие се многу важни во општествениот живот, многу научници од разни области направиле континурани напори за да најдат начин за надминување и омекнување на етничките предрасуди и стериотипи. Оваа борба против овие проблеми има многу значаен ефектот кој зависи од многу фактори особено зависи од карактерот и типот на предрасудите.

За надминување на овие етнички предрасуди и стериотипи човековата пракса надметала некои форми како што се:

1. Контуинирано информирање за етничките предрасуди и стериотипи (медиумите), во контунираното информирање важно место заземаат средствата за јавно информирање, бидејќи тие информират за настани одразличен карактер, влијаат во менувањето и формирањето на новите мислења и ставови. Со други зборови навлезејќи во сите области на животот може да влијае во сисетемот на човековите вредност, во нивните ставови спрема другите етнички групи. Можаат да имаат позитивно влијание ако информират објективно, одговорно и покажуват толеранција спрема етничките групи, овој тип на информирање овозможува са се намали нивото на предрасудните однесувања и во промената на ставовите спрема ова појава.
2. Државните закони како основа за надминувањето на предрасудите и стериотипите, законската регулатива е уште еден начин на борбата за надминувањето на етничките предрасуди, ова подразбира донесување на правни акти против манифестацијата на предрасудите и стериотипите и против меѓуетничката омраза, овие правни акти можат да имат позитивен ефект во омекнувањето на овие

предрасуди и да овозможат можности за животната благосостојба на сите етнички групи без разлика на религиската, расната и културната припадност.

3. Соработката или директниот контакт помеѓу ентичките групи, без сомние е една од најдобрите ефикасни форми за надминувањето на етничките предрасудии и стериотипи во мултиетничките заедници. Како прво треба да има меѓусебна комуникација, зошто таму каде што има дијалог полесно се решаваат проблемите, бидејќи решението на зедничките проблеми, од заеднички инетерес подразбира перспектива и подобра иднина за тоа општество. Меѓусебната комуникација помага во меѓусебното запознавање и почитување на разликите. Почитувањето на меѓуетничките разлики врз основа на надминувањето на етничките предрасуди и стериотипи, колку повеќе се запознат луѓето од разните етнички заедници толку повеќе се почитуват помеѓу себе и се кршат табуата кој со векови постоеле.

## 2.7. Воспитно-образовниот систем како форма на надминувањето на предрасудите во мултиетничките општества: случајот на Република Македонија

Друга форма на надминувањто на предрасудите во мултиетничките општества е едикативниот - образовен систем или социализацијата, ефективното и продуктивното систематско воспитание и образование има ефективен придонес во намалувањето и омекнувањето на предрасудите. Воспитанието започнува од семејството и продолжува во училиштето.

Големо влијание во овој случај имат родителите кои не се инфицирани со вирусот на етничките предрасуди и своите деца да ги воспитуваат во духот на хуманизмот, толеранцијата и соживотот. Без сомнение, овие вредности треба да продолжат да се негуваат и подучуваат и на образовните институции. Настаниот кадар, исто така, завзама важно место во образованиот процес и социализацијата на младите.

Улогата на наставниот кадар во мултиетничките општества е неоспорлива во надминувањето на овие проблеми бидејќи влијанието врз ставовите и ориентацијата на младите- учениците. Тука е важно е да се напомене ставот на учителите како едукатор и дисеминатор на знаењето на новите генерации, бидејќи ставот на учителот ја дефинира суштината на едикативо- образовниот системи неговото ориентација во областа на меѓуетничките односи, едно од најчуствителните области кај мултиетничките општества.

Улогата на учителот треба да се насочи во развојот на позитивни односи на учениците спрема етничките групи, во нивното подобро и целосно запознавање и во потикунувањето на младите да имат пријателски односи со младите на другите етнички групи. Во овој поглед наставниот кадар треба на гради социјални ставови, систем на вредности кои ќе бидат како водич за идните пријателски односи. Со неговата активност и улога во едукативниот – образовен систем учителот кај учениците има посебни вредности, додека неговите мислења и ставови учениците ги доживуваат како пошироки социјални вредности.

Според Силвио Деветак во општествата каде живеат повеќе етнички групи, учителите треба да бидат запознаени со сите разлики со цел да ги разберат различните културни вредности со кои во секој случај ќе се соочуваат во училиштето.

Учителот преку неговите ставови спрема учениците ги покажува доминатите ставови, вредностите и разните погледи и истите ги шират помеѓу неговите ученици. Тој е главен носител на училишната политика како општествена институција и влијае на развојот на односите спрема другите етнички групии на овој начин дирекно или индирекно влијае во развојот на етничките и нациналните ставови кај учениците, иако на тоа влијат и други општествени услови како економскиот, идеолошкиот, политичкиот и културниот фактор.

## 3. Дефинирањето на поимите образование, образовни институци и мултикулурно образование

**Образование -** Образованието е едно од најзначајните подрачја на човештвото воопшто. Во суштина образованието се подразбира и често се интерпретира како знаење. Образованието настојува да биде основа и помош во развојот на личноста и има цел да придонесе кон развојот на персоналните вештини на наставниците. Двата вида на образование (формалното и неформалното ) се подеднакво значајни за јавноста.

**Образовни институции/училиште -** Училиштето претставува јавна општествена институција за образување и воспитување на младите со задача да обезбеди квалитетно, современо образование и хумано воспитување на младите луѓе. Преку училиштето се развива чувство на љубов спрема луѓето и заедницата се изградуваат хуманистички вредности, почитување на други луѓе и сл.

**Мултикултурно образование** – се залага за наставни програми кои вклучуваат содржини кои припаѓаат на различни култури, како и за организирање на религиски и други свечености кои ја зајакнуваат свеста за различните култури и истовремено поттикнуваат позитивен однос помеѓу учениците. Мултикултурното образование значи различни работи за различни луѓе, промовира предавање и учење засновани на почит, рамноправност, слобода и еднакви можности за стекнување вештини и позитивни резултати во образовниот процес.

### 3.1 Општеството и образованието

Поимот образование во современото општество и модерната теорија во суштина претставува поим на културната кохезија и интеграција во образованието, кои исто така се поврзани со националните образовни системи во контекст на современото образование.

Кога зборуваме за целите на образовението треба да истакнеме дека една од клучните цели на образование во современиот свет е напредокот на демократијата во општеството. Образовниот систем мора да го земе во предвид мултикултурниот карактер на

општеството и активно да придонесе за мирен соживот и позитивна интеракција помеѓу културните и етничките групи.

Мора да истакнеме дека образовниот процес во суштина е социјален проблем. Тоа значи дека образованието е поврзан однос меѓу општеството и културата. Од тука се подразбира дека образовниот процес се состои од две компоненти:

а) социјални и

б) културни

Според социјалната компонента образовниот процес е дел од оштеството. Самата суштина и содржината на образованието произлегува од самиот карактер на општеството. Ако процесот на образование има општествена функција и е општествен процес подразбира дека суштината на овој процес е неговата поврзаност со целата структура на самото општество, што значи дека секој образовен систем реагира на одреден тип на општество и секое општество има свој тип на систем на образование. Во врска со односот Образование-општество, постојат две теории: според првата теорија каде што припаѓаат мислѐњата на Платон. Аристотел, Хегел, Диркем, и тн, процесот на образование се обидуват да го одделат од општеството и државата се обидуват да ја перцептират , како еднистевен извор на образовниот процес.

Платон е првиот кој стави методолошка и епистемолошка рамка меѓу врската на општеството и образованието, и е прв кој теоретски ја разработи и забележи суштината на социјалниот карактер на воспитанието. Според Платон, образованието и начинот на образование е израз на социјалното воспоставување, а од другата страна и социјалното воспоставување исто така е функција на образованието. На ставовите и учењето на Платон им застана во одбрана и неговиот ученик и следбеник Аристотел, кој исто така го елабораше подетално ова прашање. И Хегел, исто така бил заговорник на идејата дека образованието е општествена функција, и дека тоа може да се организира само во општеството, но не и надвор од неа. Свој придонес во ова насока исто така даде и Диркем кој исто така го штити општествениот карактер на образованието. Ова е евидентно кога тој зборува за образованието, социјалниот карактер на образованието, улогата на образованието во општеството, улогата на државата во областа на

образованието, и тн. Според Диркем, кај човекот се разликуват два суштества и тоа: индивидуално и општествено суштество, а Диркем приоритет му дава на општественото суштество . Според него, образованието во суштина е општествен процес и по генеза и по функција. Целта на образованието е кај нас да воспостави социјални суштества. (Сулејмани, 2012). Емил Диркем, образованието го дефинира како активност во која постарата генерација ја насочува кон помладата генерација, кои се уште не се подготвени за општествен живот.

Втората теорија, која е резултат на мислењето дека не е возможно да се стави хармонија меѓу општеството и образованието, се основа, се гради и го признава односот природа-образование, кој исто така е присутен во светот и денес. Претставниците на оваа теорија се Жан Жак Русо, до некаде Коменски, и тн. Оваа теорија произлегува како резултат на социјалната криза. На кратко ова теорија произлегува од самите нерешени проблеми на социјалните нееднаквости меѓу народите, анархијата и социјална апатија, и слично. Поимот на образованието во хармонија со природата е воведен во теоријата како одговор на постоечките социјални односи, кои не беа во можност да придонесат во подобрувањето на воспитно- образовниот процес во насока на воспоставување и развој на човекот како човечко суштество, според Русо преку патот на образованието човекот се подготвува за социјален живот.

Воспитанието и образованието се два процеси на човековата социјализација, кои се тесно поврзани меѓу себе. Преку воспитанието и образованието се проследува општествената свест од генерација на генерација. Со развојот на општеството, се создава потребата за следење или систематски трансфер на знаење и искуство, како и нивното стекнување на новите генерации. Така што се формиранат образовните институции (училиштата и универзитетите), кои се занимават со организирање и спроведување на процесот на образованието.

Воспитанието и образованието се два процеси поврзани тесно меѓусебе кои овозможуваат социјализација на младите генерации. Секој од овие процеси вклучуват елементи на социјалната култура, особено од општествената свест. Образование е дел од воспитанието, кое се организира и се развива институционално, каде што новите

генерации се здобиваат со вештините, искуствата и знаење, и тн. Воспитанието освен образованието, влијае да се прифатат вредностите на постоечката култура.

Процесот на образованието е општествен процес во кој младите се стекнуваат со знаење, вештини и навики, кои се од суштинско значење за идните активности во општеството, особено во областа на работата, во општесвената комуникација, животот во заедницата, за усогласување на нивното однесување со другите членови на општеството и нивната еманципација и социјализација.

Во најстрога смисла образованието му помага на поединецот - човекот на успешното интегрирање на социјалните и културните процеси. Образованието создава знаење, интелектуални вештини, способност за размислување и судење, идеи, ставови и мотиви за работа, чувство на општествена одговорност и критичко размислување за светот во целина. Во современото општество, има тенденција воспитанието и образованието да се ослободи од товарот на традиционалните стереотипии, така што на новите генерации да им се даде еднакви шанси за образование. Нема напреднено општество без соодветно образование и за сите нови генерации. Образованието како универзален фактор на човештвото е и стратешки фактор во градењето на општествените односи, похумани, подемократски и прогресивни.

Образованието како универзален фактор на човештвото, е исто така важен фактор во национална рамка. Силата на една нација е во степенот на развојот и квалитетот на нивното образование. Образованието на граѓаните на нивниот јазик е неотуѓиво право во развојот на јазикот, културата и националната свест. Конечно, скапоцените вредности на културата, науката и уметноста на различните нации ќе станат дел од цивилизираните вредности на човештвото. Само образованите нации имаат успешна иднина. На правото на образование на мајчин јазик, кое исто така јасно е наведено во "Универзалната декларација за човекови права на ОН", според која: "секој има право на образование, образованието треба да биде бесплатно, барем на ниво на основни фази. Образованието треба да биде насочено кон целосниот развој на човековата личност и јакнење, почитувањето на човековите права и основните слободи. Образованието треба да го унапреди разбирањето, трпението и пријателството меѓу сите народи, расни и верски групи.“ Тоа е причината зошто образованието беше и останува преокупација на сите

прогресивни општествени сили, поради тоа што е нужност и неотуѓиво човеково право како и социјалните, економските, културните, политичките и техничко-технолошки права.

### 3.2. Улогата на училиштето како воспитно- образовна институција

Една од оние институции кои ќе служат за реализација на образовниот процес е самото училиште кое не служи само како извор за снабдување со знаење, но исто така и како фактор за социјализација на младите луѓе. Училиштето се третираа како институција која се состои од одредени механизми кои дејствуваат во насока на менување на состојбата на биолошката природа на студентите и зајакнување на социјалните елементи. Процесот на развој на сите аспекти на општеството зависи од квалитетот, целите и задачите на образованието. Оваа задача му е доверено на училиште како социјална институција. Под влијание на општествените закони функционирање на училиштето се менува. Динамиката на развој и социјална трансформација рефлектира и во училиштето, а училиштето мора да реагира и да одговори на новите потреби за да може да преживее и да го задржи својот статус како институција во служба на општеството. Училиштето не само што прифаќа надворешни рефлекси спрема секоја промена туку и стимулирање на промени. (Сулејмани, 2012: 51).

Влијанието на надворешните промени во училиштето понекогаш поттикнуват проблеми имено доаѓа до дисхармонија помеѓу образовниот процес и на социјалниот развој, како и техничко-технолошки достигнувања, затоа училиштето треба на им одговори на новите барања на општеството со цел да има хармонија. Но, исто така, факт е дека традиционалниот систем на образование не може да им одговори на тие барања затоа во рамките на образовниот систем треба да се преземат низа на реформи со цел да се модернизира воспитно-образовниот процес во исто време со модернизацијата на општеството.

Училиштето со својата активност исто така влијае во развојот на ставовите на учениците спрема различните етнички групи. Знаењата и информаците за другите етнички групи се основа за менување на сегашните ставови и развој на нови пристапи. Новите сознанија за било каква одредена етничка група може да влијае на менување на постојните ставови и формирање на нови. Новите знаења можаат да имат различни

ефекти, тие можат да бидат позитивни и негативни. Ефектите можат да бидат негативни тогаш кога лошата општествена атмосфера влијае и врз воспитно-образовниот процес на пример кога се влошуваат меѓуетничките односи, кога има спротивни интересии овие групи работат против меѓуетничкиот соживот, а оваа појава исто така може да се рефлектира во образовниот процес.

Се знае дека развојот на едно општество зависи од начинот, целите и задачите на образованието, додека развојот на учениците е институционална одговорност, бидејќи образованието е организирана дејност и има функционален карактер. Правото за образование е гарантирано со закони според кои секој поединец има право да се образува, а образованието треба да се залага за целосниот развој на карактерот на поединецот, треба да го засили почитувањето на човековите права, исто така треба да му овозможи на секој поединец да има активна улога во општеството, да потикнува разбирање, толеранција помеѓу сите народи или етнички групи.

Етнички фактор се повеќе се изразува во општествените процеси на современиот свет и особено се изразува на местата со повеќе етнички заедници како што е Република Македонија. Социјалните димензии на овој феномен ги вклучуват сите сфери на општествениот живот. Етничкиот и културениот плурализам на современиот свет отвори глобален проблем: како да ги реши проблемите и етничките тензии и да се обезбеди социјална рамнотежа. Образованието е клучот за развој на заедницата и општествената конструкција. Општеството преку образованието ја гради економијата, политиката и социјалната структура. Во многу земји со мултиетничка структура, перспективата на овие заедници зависи од положбата и статусот на етничките групи (Сулејмани, 2012: 60). Односно силата на тие заедници зависи од позицијата на доминатите и недоминантите групи. Доминатнтата етничка група секогаш се обидуваат да доминира врз другите етнички групи или малцинствата преку наметнувањето на нивните културни вредности демострирајќи ја својата доминанта позиција. Меѓуетничките односи во целина, претставуваат само една компонента од поширокиот комплекс на општествените односи. Оваа компонента во одредени ситуации може да биде доста важна и доминантна кога етничките општества имаат многу затегнати и конфликтни односи. Со други зборови, меѓуетничките односи помеѓу членовите на заедницата кои припаѓаат на исти или

различни етнички групи се појавуваат само како еден вид на врски во рамките на комплексот на општествените односи.

### 3.3. Целите на образованието во општеството

Поучувањето на самиот развој на образованието низ времето покажало дека не постои идеален и постојан систем на образование, и со самото тоа можеме да заклучиме дека не постои еден и усовршен модел на системот на образование. Сепак, поголемиот дел од иновациите не се ништо друго, туку само обид за намалување на ненамерни последици на некоја принципиелна примена на постојниот образовен модел. Модерниот систем на образование, по дефиниција треба да биде флексибилен, и како една од неговите основни задачи треба да биде обезбедувањето на интерполација на основните принципи на сегашната ситуација и проблемите.

Историски гледано, било потребно неколку векови за обликување на модерниот концепт за образованието. Модерното образование претставува образование на можности, демократско образование според барањата и потребите на ученикот или студентот, а не условно образование или образование (Синани, 2012: 74). Низ историјата моделот на образованието претерпел низа на промени и реформи, од традиционалното учење се до интер-активниото учење во современо време со помош на апикацијата на современите технолошки средства, кој се еден нов модел на учење, и му даваат ново знањење на образованието. Во современото општество од обазованието и образовните институции се бара да се вклопуват со барањата на тендецијата за модернизација средствата за работа и работните операции. Тесната трансформација е поврзана со најзината основна улогата во општеството.

Улогата на образованието во економскиот и општествениот развој, ги нагласува ограничените фактори на развојот на образованието. Сложено прашање во овој контекст претставува взаемниот соодност на образованието и културата кој треба во општеството да овозможи разбирање, соработка и транспарентно влијание на структурата и социјалниот развој во целина. Целите на воспитанието и образованието во етнички хомогени групи структуирани во социјални слоеви и класи кои заземаат одредена позиција во

општеството, токму оние општествени групи ги означуваат намените и потребите на воспитанието и образованието. Значи образованието освен што има етнички карактер има и социјален и економски карактер. Плуралистичките цели на образованието се изразени силно во сферата на образованието. Тие се разликуваат од многуте фактори на социјализацијата.

Структурата на образовниот систем има три главни компоненти и тоа: на програмата, на технолошкиот и организацискиот систем, кои се во тесна поврзаност и зависност помеѓу нив, и на карактерот на постојниот општествен систем.

Додека целите на образованието главно се: индивидуални и социјални. Индивидуалните образовни цели се искажани во исполнувањето на потребите на поединците (мотивација) на поединецот кон образованието, да се здобијат со знаење, култура и професионални вештини за работа. Според вештините, мотивацијата и интересот, поединците се разликуваат меѓу себе, што се потврдува преку евалуација и изборите во текот на образованието. Додека социјалните цели на образование се општи социјални, етнички, економски, културни и со други намени, кои во едно одредено општеството се поставуваат со закон и се симулираат за неговите општи потреби. Во конфликтните општества, образованието исто така е конфликтно (индивидуални и социјални), што е проблем за хармоничен развој на образовниот процес (Шеху,1999:121). Целите на образованието треба да бидат поставени врз основа на научни, хумани, демократски, прогресивни и универзални вредности на модерната цивилизација и секоја друга цел како што е етничка, политичка и тн е неконтабилна со овие универзални цели. Разбирливо е дека признавањето и негување на духовните и материјалните вредности треба да бидат вградени во целите на едукација, но не претерани. Таквите предизвици со кои се соочува образованието денес во земјите кои се наоѓаат во период на транзиција, односно постсоцијалистичките земји кои почнаале да изградуваат цивилизирани демократски општествени односи (Шеху,1999:119-134). Социјалните цели на образованието се од широк спектар. Корелацијата помеѓу општествените и хуманистичките цели на образованието сведочат за нивото на демократското општество. Без демократски односи во општеството не може да се има демократизирано образование, хуман и прогресивен. Воспитанието и образованието им овозможува на поединците

полесно да можат да се интегрират во социјалните и културните процеси. Образованието на поединците им овозможува:

- стекнување на нови знаења,
- интелектуално способување
- способност да просудуваат и да размислуваат,
- создавање,
- формирање на идеали (аспирации), ставови и мотивација,
- негувањето на позитивни цивилизирани вредности,
- стручна обука на поединците во општествената поделба на трудот (особено во средното и високото образование),
- одгледување на етничките вредности, верските, културните, и тн.
- формирање на погледот за општествена одговорност и пошироко,
- социјализација на поединците и нивната интеграција во социјалните трендови,
- создавање и формирање на индивидуална и општествена свест кај новата генерација,
- обука на новата генерација за успешна интеграција во процесот на поделба на трудот, за повеќе рационално и продуктивно производство, интеграција на тековниот отворен пазар и тн.,
- успехот и неуспехот на образованието (има директно влијание врз класното и етничкото раслојување, особено во создавање на вредности и норми на етничка и социјална класа.

### 3.4. Мултикултурното образование

Самиот поим "мултикултурализам" според енциклопедискиот речник Le Grand Robert, прв пат е употребен во говорот од страна на Пјер Тридон, тогашниот претседател на владата на Канада. Тој, своевремено изјавил: "Терминот бикултурализам не го отсликува многу добро нашето општество.“ Според Пјер Тридон поимот мултикултурализам е попрецизен збор. Од ова може да се види дека поимот мултикултурализам првично не припаѓа на теоријата на културните права, тој својата генеза ја има од светската практика

на културната политика. Во оваа смисла, поимот мултикултурализам имплицира постоење на повеќе светски култури и нивниот меѓусебен контакт. Мултикултурализмот е идеја за хармонична коегзистенција на различните етнички и културни групи во едно плуралистичко општество. Основното значење на овој поим е поврзан со идеологијата на мултикултурализмот, како и со политиката, поконкретно со мултикултурната пракса.

Мултикултурното образование во последнава деценија го привлекува вниманието на мултикултурните општества, воспитно-образовните институции, едукаторите, органите на управата и ресорните органи за образование, вклучувајќи ги и универзитетите и наставниците.

Воведувањето на мултикултурното образование во училиштата има своја историја, раст и развој кој што некои теоретичари го делат на три фази и тоа:

- Првата фаза се карактеризира како желба и настојување на малцинските групи да го решат своето образование за младите генерации, децата - учениците, подобро да го научат и да го совладаат јазикот на мнозинската група, односно службениот јазик на државата и на тој начин да го намалат јазичниот хендикеп. Правната форма на мултикултурното образование се однесува на интензивирано учење на службениот јазик. На припадниците на малцинската група им било потребно тоа за обезбедување "еднакви шанси“ во образованието и вработувањето во општествените институции, претпријатијата, трговските друштва и во други дејности. Ваквата форма на образование несомнено придонесува за поголема социјална интеграција, но истовремено и вклучување на малцинската група во мнозинската заедница.
- Втора фаза во развојот на мултикултурното образование, покрај службениот јазик во училиштата, е воведувањето и изучувањето на јазикот и културата на малцинската група. Со ваквата постапка, наставата станува двојазична и бикултурна. Ваквата форма на образование овозможува интегративно функционирање на училиштето, но истовремено дава можност за зачувување на културниот идентитет на припадниците на малцинските групи- заедници.

- Во третата фаза на развојот на мултикултурата се нагласува партиципација на културите и вредностите на секоја заедница и на отвореноста на училиштето спрема културата на секоја група - заедница, нивно запознавање и разменување.

Споменатите развојни фази на мултикултурата треба да се сфатат како насоки и општи правци од кои произлегува стратегија за развој на мултикултурното образование и на тој начин да се вкрстуваат согласно со конкретните општествени, политички, економски и културни услови меѓу мултикултурните заедници и условите во одделни мултикултурни општества. Мултикултурното образование може да се сфати како определба, потреба и одговор на општеството за реалното постоење и почитување на припадниците на различните групи-заедници, нивната култура, потреби, обичаи и традиции.

Поимот мултикултурно образование во поширокатa смисла се однесува на секоја програма која овозможува запознавање и усвојување на културните вредности и обележја не само на своите, туку и на другите култури. Во тој поглед, наставните програми во монокултурните и монолингвалните средини опфаќаат одредени содржини за другите народи во минатото и во сегашноста што може да придонесе за постигнување на хуманистичко воспитание. Сепак, мултикултурното образование се однесува, пред се на тие програми кои се реализираат во повеќекултурните општества, а се насочени на запознавање на културните обележја на својата и на другите заедници. Теоретичарот Верн нагласува дека "мултикултурното образование претставува образовни програми кои не се однесуваат само на малцинствата, туку и на целокупната општествена заедница било тоа да се големи или мали заедници“. Споменатите сознанија и определби за мултикултуризмот потекнуваат од декларацијата и препораките на меѓународната организација, затоа одделни земји ја прифаќаат како начелен став. Постои согласност во сфаќањата дека мултикултурализмот во западноевропските земји е општествено движење кое се јавува од демократските определби за почитување на граѓанските и човековите права и слободи, како и права за негување и развивање на националните и на културните вредности и особености, права на разлики на одредено ниво за поврзаност со другите групи-заедници и нивно интергирање.

Односите на припадниците на различните групи-заедници и нивната културна различност се следени со одредена динамика, а понекогаш се прикриени и условени со

историските, економските, политичките и актуелните политички појави. Оттука, и свеста за етничкиот, културниот, јазичниот и регионалниот идентитет понекогаш се маскираат со митот за национално единство или барањата на мнозинските групи за хомогенизација на повеќекултурната заедница.

Денес се повеќе се говори за интегрирање на припадниците на малцинските групи, да бидат лојални членови на повеќекултурното општество, да се вклучуваат во институциите на системот на државата, слободно да ја реализираат културната размена со другите заедници-групи и на тој начин ја збогатат широката заедница, зачувувајќи ја и развивајќи ја својата посебност и специфичност.

Во европските размери на мултикултурното општество и образование настојуваат да го дадат својот придонес и одговори на потребите, и да ги признаат културните разлики на одделните групи. При сето тоа се користени различни стратегии од интензификација на учењето на службениот јазик, преку организирано учење на мајчиниот јазик на малцинските групи, запознавање и усвојување на вредностите на сопствената култура и културата на другите и разновидни форми на двојазична настава. На тој начин се стекнува билингвално образование до воведување на интеркултурната стратегија во образованието на учениците од малцинската со мнозинската заедница, што е европска и светска тенденција.

На крај може да кажеме дека "Мултикултурно образование е поле на истражување и нова дисциплина чија цел е да создаде еднакви образовни можности за студентите од различни расна, етничка, социјална класа, и културна групи . Една од неговите важни цели е да им помогне на сите студенти да се здобијат со знаења, ставови и вештини потребни за да функционират ефикасно во едно плуралистичко демократско општество и да комуницират, да преговарат, и да комуницират со луѓе од различни групи, а со цел да се создаде граѓанска и морална заедница кој ќе работи за општо добро. "

"Мултикултурното образование ги привлекува содржината, концептите, парадигмите, и теориите од специјализираните интердисциплинарни области како што се етнички студии (и од историјата и од однесувањето и социјалните науки). Како резултат на тоа, ние можеме да го дефинираме мултикултурното образование како поле на студија со цел да ги зголеми образовната еднаквост за сите студенти што ги вклучува за оваа

намена, сите содржини, концепти, принципи, теории и парадигми од историјата, однесувањето и социјалните науки, а особено од етничките студии. "

## 3.5. Улогата и значењето на образованието во мултикултурните општества

Културниот состав, врз основа на вредноста на образовниот процес е под културата како духовна област на човечките активности. Култура е многу важен фактор кој влијае на општ начин на размислувањето кај возрасните, како и кај младите луѓе. Култура определува како ќе се однесуваат припадниците на етничките групи во едно општество и какви вредности ќе бидат прифатени. Тоа значи дека членовите на етничките групи се разликуваат не само како ќе го организираат нивниот живот, но, исто така, во согласност со мислењата, ставовите и нивните верувања за некои специфични социјални проблеми.

Култура, во суштина, е еден вид на свеста преку која човекот постепено ги истражува и продира во внатрешноста на материјалниот свет и на тој начин ги открива законите на општествената реалност. Културата и културниот процес се делови од општеството, социјалниот развој т.е. културните процеси се соодветно специфични форми на општествените процеси. Културата е начинот на кој општествените односи на групите се структурирани и обликувани. Но, исто така културата е начинот и формата на човечкиот живот, начинот на однесување и живот.

Во процесот на развојот на културата во смисла на временската димензија и на односот на човекот кон неа, постојат два моменти и тоа:

- Во рамките на културата има вредности кои луѓе ги добиваат и според нив ги развијат своите активности и со човечката помош во процесот на култура се открива или развива нешто ново. Секоја култура се состои од тоа што веќе е создадена и зачувана (традицијата) и она што е ново. Првата група се нарекува културна традиција, а втората се нарекува напредок.
- Ако војната против традицијата беше генерална, ние исто така, се уште ќе живеевме во пештери. Ова значи дека она што беше порано, и она што сега е во културна смисла, треба да се почитуваа затоа што на овој начин општеството

се развива напред и додека се развива општеството се одржуваат културните вредности.

### 3.5.1. Културните аспекти на образовниот процес

Социологот Рејмонд Вилијамс го разбира традицијата како "социјална репродукција" а од друга страна прогресот (напредокот) е активен и динамичен дел од културата што ги зголемува потребите на човекот. Прогресот (напредокот) е елемент или дел од културата, кој е поврзан со развој на општеството во позитивна смисла на зборот и што создава нови културни вредности. Ако го прифатиме забелешката дека човекот е културно суштество, тогаш ние сме должни да кажеме дека културата е она што го разликува човекот од другите суштества. Ако прифатиме дека човекот е културно суштество, исто така, треба да прифатиме дека човекот е социјално битие, бидејќи културата е дел од општеството.

Зигмунд Бауман односот помеѓу културата и општеството го гледа преку овие аспекти:

- Генетските аспекти- појави кои се постари :
- Структурен аспект -во кој степен на структурата на една појава зависи од структурата на други појави и
- функционален аспект- утврдување на улогата и значењето на феноменот според нивните општества.

Општество не се сфаќа како опис на заедница на поединци, туку како на разбирање на оние контакти меѓу поединци кои се многу важни за општеството и културно творештво. Културата ја изразува општествената структура со сите негови измени, а тоа тоа не значи дека културата е пасивен дел од општеството, културата е суштински елемент кој овозможува да се направи разлика на една етничка група од друга група. Кога правиме споредба меѓу културите, можеме да кажеме дека секоја етничка група има своја култура со која се разликува од другите етнички групи. Сепак, разликите во културен аспект имаат нешто заедничко што произлегуваат од социјалните потреби за заеднички живот каде доаѓа во изразување некои елементи како економскиот, политичкиот,

образовниот, итн. Културите меѓусебе имаат сличности, бидејќи сите прават обиди да се задоволат нивните потреби кои произлегуваат од човечката природа. (Илиќ, .1978: 35).

Етничките групи кои живеат во близина на другата етничка група повторно има свои културни особености, свои правила и норми на однесување, јазик и традиција. Од друга страна, етничките групи треба да соработуваат и да се задржат меѓуетнички контакти со другите етнички групи заради преживување. Функција на културата во заедниците со мешани етнички групи е двојна: првата функција им овозможува на луѓето да живеат поинаку од другите, а на втората функција е управувано од страна на она што луѓето или етнички групи да се интегрираат со едни со други, така што тие можат да полесно да коегзистираат. Со други зборови, културата како континуиран процес на човековата свест, односно како "целосно општествена традиција" е невозможно да преживее без комуникација и слободна размена на културни вредности меѓу етничките групи.

Тенденцијата за растењето на важноста на етничката припадност и националност од перспектива на доминантната положба предизвикува нетрпеливост. нетолеранција и етнички тензии во мултиетничките општества. Првично етничката припадност не треба да биде извор на социјални конзерватизам на затворање, треба да биде механизам за утврдување на етничко, културно и верско наследство кое мора да се почитува. Може да се каже дека културата има заштитен карактер кој им овозможува на еден народ или етничка група, да не се растури под доминацијата на друга култура. Во многу земји со мултиетнички карактер, практиката покажала дека етничките групи кои се во малцинство под влијание на културата на најголемата етничка група, се овозможува да се дојде до хомогенизација на културата или асимилација. (Илиќ, 1978: 32).

Култура во суштина е вредносен систем, кој е поврзан со желбите и интересите на сите потреби на општеството. Односно со човековата активност водат вредностите кои се суштински елемент на човековата свест и однесување. Културно јадро во секое времее презентирано од страна на системот на вредности со кои општествениот живот на групата или поединецот е нацртан. Елементите и карактеристиките на овој систем на вредности се појавуват од општественото влијание. Со помош на овој систем на вредности човекот ги дефинира своите желби и ги насочува во насока каде што мислат дека ќе имаат повеќе успех. Имено, преку овој систем на вредности човекот се запознава себе си и светот околу

него. Култура освен глобалниот карактер во суштина е систем на ставови, идеи и вредности со кои се стекнува социјалната реалност, а тоа, исто така, влијае на општествените процеси. Поединецот или социјалните групи се активират или се вклопуваат во општеството преку систем врз основа на вредностите, односно овие вредности ги прифатат преку процесот на социализација или ги изменуват.

Воспитаниот процес е организиран општествен процес преку кој на системаски начин се пренесува сето она што е создадена како производ на човековата активност. Образованито е составен дел од животот и е основен елемент на социјалниот систем кој го овозможува развојот на човекот и човечката заедница. Без воспитната функција социјалниот развој не може да се оствари во целост. Без оваа функција човекот немаше да биде човек, немаше да постои ни човековото општество и најзината култура. Тоа значи дека образованието и воспитанието се темелите на развојот и одржувањето на човековата заедница. Од образованието целосно зависи и нашата воопшто, затоа овој процес има голема улога, особено во мултинационална заедница.

Маргинализацијата на воспитната функција предизвикува вакум и проблеми во развојот на општествените процеси. Проблемите и кризите што се појавуваат во областа на образованието и често последници на социјалната криза. Процесот на образование се одвива во училиштето како општествена институција, која според социјалната цел е образовна институција. Преку образовниeто се остварува воспито-образовната задача. Често образовниот процес и образовниот систем во целост се опфатени од различни проблеми и кризи кои се пренесуват од социјалните кризи кои се рефлектират во образовниот процес. Образовниот процес во современиот свет има интерактиве и комуникативен карактер. Образовниот процес, во суштина е комуникација помеѓу учениците и наставниците во форма на дијалог.

### 3.6. Мултикултурното образование и етничките конфликти

Современите мултиетнички општества се карактеризираат со две фундаментални карактеристики:

- Мултиетнички општества со развиена демокрација и со современи цивилизациските вредности, во која не постојат етнички конфликти. Како што се: САД, Франција, Швајцарија, Белгија, Скандинавија, итн.
- Мултиетничките општества со тоталитарни режими, каде што постојат етнички конфликти, во отворена или скриена форма. Таквите конфликти се резултат на спречување или одложувањето на решавањето на прашањето на националното право.

Нерешавањето на националното прашање на народите со цивилизирани и демократски форми и средства, порано или подоцна, може да доведе до етнички конфликти со драматични последици. Такви се општествата на поранешните социјалистички земји, што со иницијативата на демократските процеси во деведесеттите години се карактеризират со експлозијата на етнички конфликти, како што се на пример, распадот на поранешниот Советски Сојуз и поранешна Југославија со воени етнички конфликти кои наметнаа голема трагедија со драматични последици за малцинствата кои бараа заштита на својот идентитет и национална независност. Конфликтна ситуација е онаа во која две или повеќе спротиставени страни не можат да се усогласат. Во оваа ситуација, секоја страна мобилизира енергија за да се постигне одредена цел и секоја од страните ги сметат другите како пречка за остварување на своите цели. Во етничките конфликти, секоја страна се претставува како носител на етничката група кои припаѓаат и живеат заеднички во ист простор (територија). Конфликтното однесување е формирана од активноста што ги презема една страна во конфликтната ситуација и кои се ориентирани кон противникот, со цел да принуди своите намери да го модифицира, измени или да се откаже. Таквите активности не значат да бидат од насилен карактер бидејќи конфликтното однесување не значи дека ќе победат насилните елменти. Карактеристичнно за ваквото однесување се ситуациите каде страните имаат намера да најдат компромис и консензуални договори меѓу нив. (Шеху, 1999: 167-171).

Во околината на мултикултурното образование, етнички конфликти, често се експлозивни, поостри и толку предизвикувачки па само толеранцијата, отворениот дијалог без предрасуди заедно со добрата волја и прифаќањето на другите, може да ги ублажи . Спротивставени ставови се психолошка состојба која се проследени со ситуации и конфликтуозни однесувања на страните.

Спротивставените ставови и однесувања се ирационални постапки во мултинационалните општества, мултикултурни и мултирелигиозни. Мултикултурно образование им овозможува на сите граѓани кои се образовани без оглед на нивниот број да се здобијат со знаења, вештини, ставови и да бидат обучени професионално за функционална и успешна интеграција во хетерогена етничка и културна средина. Мултикултурализмот во образованието не е ексклузивно само на некои народи и етнички групи. Напротив, тој треба да им овозможи на сите луѓе, без разлика на нивната етничка, верска припадност, да бидат добро информирани за минатото и нивно присуство и активно да учествуваат во градењето на заедничка општествена иднина. Само така тие може да станат слободни и активни граѓани во градењето на заедничкиот општествен живот мешани етнички средини (Шеху, 1999: 169).

Мултикултурализмот во образованието треба да ги вклучува историските традиции и етно-културни на народите како тие доминанти и малцинства, со кој треба да се запознае новата генерација. Во овој поглед, образовниот процес останува кохезивна сила за развојот на меѓуетничките односи. Имено, наставните програми и учебниците во себе треба да содржат и да вклучуват содржини и мултикултурни и мултиетничка вредности на соодветните општествени средини. Познавање на националниот идентитет во мултиетничките средини значи познавање на себе си , но и познавање з на националниот идентитет на другите со кои тие живеат заедно или оние кои ги опкружуваат. Меѓуетнички соживот значи признавање на сите оние со кои живее, работи, учи, почитувајќи ги етничките, културните, и верските карактеристики на сите. "Запознавајќи се себе значи да ги запознаеш другите а да ги запознаеш другите значи да се запознаеш себе "- вели една стара филозофска максима. Националните заедници на различни етнички групи кои живеат во одредена земјат, треба подеднакво да не само да им се овозможи, но денешното општество со мешан етнички и верски состав, и сите оние земји со висока демократија, исто така, имаат обврска да обезбедат механизми за заштита и

развој на националниот идентитет, националната култура и образование, за мали и маргинализирани групи на нивниот мајчин јазик. Грижата и постојаниот напредок во меѓуетничките односи е важна гаранција за усогласување на развојот на транснационални и превенција и елиминирање на потенцијални конфликти.

Воспитанието и образованието на младите генерации на нивниот мајчин јазик е основен услов за изградба на хармонични меѓуетнички односи. Развојот на образованието и културата на мајчин јазик е моќен фактор, кој ја спречува понатамошна ескалација на конфликтите во мултинационални општества, го отвора патот за толеранција, разбирање и демократски и рационално решение за сите постоечки меѓунационални проблеми. Взаемно признавање на припадниците на различни националности претставува еден од главните фактори за намалување на негативни чувства кон припадниците на другите етнички групи. Токму поради оваа мултикултурализмот во образованието е предуслов за надминување на националните стереотипи и етнички конфликти. Мултикултурното образование им овозможува на студентите да се запознаат со културните вредности и да се изгради цивилизирано однесување и позитивни ставови. (Шеху, 1999: 171).

Проблемите и предизвиците со кои се соочува моментално образованието, особено за општествата базирани на знаење, заедно со проблемите во рамките на ограничените ресурси во областа на образованието, различни форми на нееднаквост, разновидност и образовна исклученост, особено во мултиетнички и мултикултурни општества, ги принудуваат владите и образовните институции да најдат нов начин да се соочат со проблемите, а со тоа да се соочат и со проблемот на мултукултурното образование. Различноста на образовните институции особено тие приватните донесоа демократизација на образованието и подобар квалитет, затоа улогата на државата е преку образовната политика да обезбеди еднаквост на високото образование, а потоа да се грижи за квалитетот во рамките на процесот на учење. Еден од начините за постигнување на овие цели е изградбата на образовни концепти за воспоставување правда и еднаквост во образовниот систем. Во овој контекст, улогата и задачите на образовните институции во Република Македонија е да се изгради соодветен механизам за развивање на соодветни образовни политики.

## 3.7. Мултикултурното образование во Република Македонија

**"Образованието е фундаментално човеково право. Тоа им пружа на децата, младите и возрасните моќ, критички да размислуват, да прават избор и да си го подобрат животот. Го разбива затворениот круг на сиромаштијата и е клучен елемент на економскиот и социјалниот развој." (ЕФА, УНЕСКО)**

Република Македонија е мултиетничка држава, во која живеат повеќе национални групи меѓу кои: Македонци, Албанци, Роми, Турци, Срби и Власи. Сите државјани на Република Македонија се еднакви пред законот. Уставот на Република Македонија и законите пружаат заштита на сите етнички, културни, јазични и религиски ентитети од сите малцински групи. Кон овој дел од Уставот се приклучува и правото на школување на мајчин јазик на сите малцински групи.

Во Република Македонија статусот на етничките заедници е следниот: македонската заедница, која е мнозинска, во некои региони малцинска, албанската зедница која е малцинска, во некои региони е мнозинска, а додека ромската, турската српската, влашката и останатите групи се малцински.

Според пописот од 2002 година, во Република Македонија живеат вкупно 2.022.547 жители. Од нив, 1.297.987 (64,18%) Македонци; 509.083 (25,17%) Албанци; 77.959 (3,85) Турци; 53.979 (2,66%) Роми; 9.695 (0,48%) Власи; 35.939 (1,78%) Срби; 17.018 (0,84%) Бошњаци и 1,04% останати малцинства. [4]

Со оглед на тоа дека во Република Македонија живеат поголем број на етнички заедници, кои ги карактеризира различен културен модел, различна вероисповед, јазик, го наметнува прашањето за крактеристиките на македонското општество во тој поглед, односно за карактеристиките на мултукутурализмот и неговите специфичности. Токму за тоа се поставува прашањето: Што се случува со образовниот систем на Република Македонија? Што се случува со редефинирањето на образовната политика или апликацијата на мултикултурниот модел? Со приближување на проблемот од гледна точка на образовната политика, јасно е дека во Македонија образованието е политика , и бидејќи политиката е полна со национализам, образованието е поделено по етнички

[4]Статистички годишник на Република Македонија, Скопје, 2006

принцип. Оваа културна политика е дадена во прилог, ги поттикнува самозадолувањето на културата на мнозинство, од една страна, и изолацијата на малцинските култури, во споредба со тоа на другата страна.

Имајќи го предвид разновидностата на населението во Република Македонија потребно е еден вид на образование каде што сите учесници во образовниот процес без оглед на тоа дали припаѓаат на мнозинскиот народ или на етничките заедници, би можеле да стекнат знаења, вештини и ставови, што се потребни за ефикасно функционирање во културно и етнички разнородна средина. Ваквото образование не е наменето само за одредени етнички заедници без разлика на нивната бројност, туку тоа треба да им овозможи на сите учесници, независно од нивната национална припадност, да бидат добро информирани за својата земја, да водат грижа за неа и да станат активни граѓани во своите етнички мешани средини.

Мултикултурното образование е уште еден начин за надминување на меѓуетничките тензии, надминување на предрасудите и подобра интергација на сите етнички групи кои живеат во Република Македонија, но за жал имајќи го предвид образовниот систем во нашата држава овие негативни чуства како стериотипите и предрасудите се уште се присутни во рамките на образовите институции и влиајт врз меѓуетничките односи во тие иституции, овие чуства најчесто се резултат на намалената комуникација која лесно може да се злоупотреби за негување, па дури и влошување на предрасудите и негативните ставови кон припадниците на другите етнички заедници. И покрај тоа што намалената комуникација може да биде резултат на изолација, таа многу често е последица, но и причина за меѓусебно непознавање, а се знае дека полесно за комуницирање е да се запознат меѓусебе. Затоа меѓусебносто запознавање е клучот за ублажување на негативните чувства кон припадниците на другите етнички заедници, туку и за отфрлање на етничките стереотипи, кое запознавање најефикасно може да се оствари низ образовниот систем на Република Македонија. Токму ова го нуди мултикултурното образование со цел да се надминат овие постојани конфликти и тензии, а за тоа учениците треба да се запознаат со културата и историското наследство на сите етнички групи присутни во нашата земја во текот на целиот образовен процес и со тоа ќе се придонесе за задоволување на потребата за идентитет на припадниците на етничките заедници, без да постои опасност од загрозување на идентитетот на мнозинската етничка заедница.

Мултикулторното образование треба да обезбеди поквалитетна комуникација помеѓу припадниците на сите етнички групи, комуникацијата треба да ги ублажи негативните чувства кон другите и во едно да ги разоткрие истите. Исто така мултикултурното образование треба да обезбеди сигурност, да го отстрани стравот дека припадниците на никоја одредена етничка заедница ќе бидат дискриминирани заради сопствениот етнички идентитет . На тој начин, како и преку задоволување на потребите за идентитет и сигурност, може да се обезбеди и задоволување на потребата за заедништво, не само во рамките на етничката заедница како потесна заедница на која и се припаѓа, туку и во рамките на останатите заедници кои припаѓаат на Република Македонија.

Токму таков образовен ситем треба да постои во Република Македонија кој за жал во пракса сеуште не постои, иако се прават напори во тој правец сеуште нашите училиште се поделини по етничка основа, кулурта на мнозинството е на прв план а од другата страна култураната на малцинствата се изолорани. Мултикултурното образоване можеби е клучот за Македонија да излезе од овој меѓуетнички ендек во кој се наоѓа со цел да го отвори патот кон меѓусебното разбирање, меѓукултурниот дијалог, во центарот на која ќе бидат заедничките елементи, без разлика дали се тие образовни, културни или религиозни. Интеркултурализмот кој му треба на Република Македонија е мултикултурализмот според кој секој ги почитува своите вредности, но исто така и други вредности, сите во согласност со законите и институциите на државата, но каде повторно се чуват посебните форми на културата (Синани, 2011).

Во последните години во Република Македонија е започнат еден мултикултурен проект наречен интегриараното образование во соработка на Минстерството на образованието и на ОБСЕ каде се предвидува сите ученици без разлика на етничката припадност од прво одделение да почнат го научат македонскиот јазик, и исто така предвидува ученисите од македонската етничка припадност на факултативен начин да почнат да ги научат јазиците на другите етнички групи кои живаат во земја, но овој проект наместо да да придонесе за меѓуетничката интеграција, создаде разделби и меѓуетнички тензии бидејќи на никој начин проектот се измести од главната цел, македонскиот јазик е задолжителен од прво одделение, додека албанскиот јазик и јазиците на другите етнички заедници, е препуштен на војлата на родителите на македонските ученици. Токму за ова овој проект е неупешен и пред распад затоа што учењето на јазикот на мнозинството на

задолжителен начин не е патот и моделот кој ќе води напред, интегрираното образование ќе биде успешно само ако овој процес е двонасочен, бидејќи во спротива само ќе се продлабочи овој јаз и ќе се зголемат меѓуетничките тензии.

Со оглед на тоа дека Република Македонија е мултиетничко општество според Уставот на Република Македонија, официјален јазик е македонскиот јазик и јазикот на заедницата, која во одредени единици на локалната самоуправа живее во процент поголем од дваесет, а во групната комуникација се употребуваат јазици различни од оној кој има официјален статус, во Република Македонија функционира билигвалност и во јавниот живот и во образовниот систем односно официјален е јазикот на мнозиството и на најголемата малцинска етничка група, а кога се во прашање јазиците на другите етнички групи тие имаат свој адекватен статус во сите сегмети на јавниот и политички живот како и во образовниот систем ако за тоа се исполнети законските предуслови, но повторно мораме да истакнеме дека доминира билигвалноста. Билигвалноста доминира и во образованиот систем а билингвалноста во образованието значи сите деца наставата да ја следат на двата јазика: обично во пракса тоа се прави така што секоја етничка заедница основните предмети ги следи на својот јазик, а другите се следат или на едниот или на другиот јазик., но во реалност едната група ги познава двата јазика а другата само својот, што во конкретниот случај ова кај нас се однесува на односот помеѓу македонската мнозинска заедница и останатите етнички заедници што значи дека припадниците на сите етнички групи го познават својот мајчин јазик и македонскиот јазик, додека кај македонската етничка припадност мал број ги познават јазиците на другите етнички групи, така што комуникацијата се остварува на еден јазик.

Исто така треба да истакнеме дека во последните години се преземени некои чекори кога е во прашање образовниот систем на Република Македонија, односно кога е во прашање образованието на малциските заедници, поконкретно кога е во прашање Ромската етничка припадност. Се знае состојбата на Ромската етничка припадност и токму тоа е причина за наметнување и потребата од изготвување посебни национални стратегии за Ромите, кои треба да излезат во пресрет на специфичните потреби и проблеми, со кои перманентно се соочува оваа етничка заедница, Република Македонија во однос со ромите има направено значителен позитивен исчекор, во однос на другите држави, сепак, во споменатиот контекст, таа не е исклучок. Македонија иако има

направено значителни позитивни чекори за подобрување на статусот на ромската популација, сепак, Ромите се соочуваат со бројни проблеми поврзани со сиромаштијата, недоволната едукација и живеење во супстандардни услови. Фактите говорат дека сиромаштијата на Ромите е многу повисока отколку на било која друга група и таа се темели на бројни акумулирани фактори кои задираат во историјата, традицијата и нивната перманентна социјална ексклузија. Ваквата состојба негативно се одразува врз нивото на образование, вработување, домувањето и здравствената заштита. Од тука, произлегува изготвувањето на Стратегијата за Ромите во Република Македонија, која произлегува од нејзината аспирација за членство во Европската Унија, и според овој документ, потребно е да се постигне траен развој во социјалната, економската и политичката сфера и особено, да се обезбеди заштита од дискриминација и расизам, вклучително и пристојно домување, соодветно образование и здравствени услуги. Образованието на ромската популација најмногу влијае во подобрувањето на состојбата и во сите сегменти на живеење, во здравството, домувањето и во заштитата на човековите права. Поради проблемите со образованието и недостатокот на работни квалификации постои висок степен на невработеност, а незнаењето на граѓанските права придонесува и до нивно нештитење. Во последните години ова состојба во оглед на обраованието е подобрено, а со тоа и нивото на вработенсот е пораснат што значи дека животниот стандард на Ромската етничка припадност е подобрено.

Кога зборуваме за образованието треба да истакнеме дека главни приоритети во ова областа се: подигање на образовното ниво на младите како и на возрасните кои се надвор од образовниот систем, зајакнување на нивните стручни и социјални компетенции како и елиминирање на можноста од создавање на нови генерации на образовно хендикепирани лица. Во таа смисла неопходно е да се обезбеди координација на активностите, како и утврдување на видовите услуги кои ќе ги обезбедуваат јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор и во каква релација ќе бидат таквите образовни услуги со стратешките определби на државата. Токму за тоа на Република Македонија и е потребен еден образовен систем кој ќе промовира толеранција, интеграција помеѓу етничките заедници. Образовен систем кој ќе биде едаквов за сите и кој ќе обезбеди сигурност за сите ученици без разлика на која етничка група припаѓат.

## 7.8. Образованието во Општина Кичево

Во општина Кичево функционира 9 основни училишта, со вкупно 3.974 ученици, две средни училишта, со вкупно 2.770 ученици, како и дневен престој за деца. Во општина Кичево, образованието и образовните институции, се еден од факторите што придонеле за зајакнување и унапредување на меѓуетничките односи и интеркултурното разбирање, како и за создавање на атмосфера на толеранција и соработка меѓу различните заедници, од најрана возраст. Исто така, образованието и образовните институции, се клучните области во кои се реализираат или ќе се реализираат уште најголем дел од проектите, кои се поврзани со меѓуетничката интеграција.

Една од најспецифичните во Општина Кичево, во која за да се примени подобро моделот на интегритет претставува ОУ "Санде Штерјоски" во кое наставата за учење се изведува во 3 јазици (македонски, албански и турски), во заеднички простории и во иста смена. Ова училиште е дел од Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција. Наставниците во ова училиште активно учествуваат во разни активности и го стимулират образовниот развој за студентите на различни претставници, и редовно ги посетуваат обуките за преквалификација и надградба на постоечките вештини. Овие активности беа изведени точки во нивните професионални надградби, што е дополнителен фактор за мотивирање на нивното учество. Слично на тоа, како позитивен пример и градинката "Олга Мицевска" во Општина Кичево, во која од март 2013 година, за прв пат се отвора и почнува да функционира Мозаик група двојазично предучилишна група (македонски и албански) која обезбедува можности за интегрирано образование од најрана возраст. Мозаикот е интегриран начин, мултикултурен, и двојазичен систем во градинките во земјата, каде што децата од предучилишна возраст, од 3 до 5 години, на различни етнички заедници, се дружат во една мултикултурна средина, а раководство на групата е мешан етнички во однос на двајца наставници. Ова е проект на Центарот за заедничка основа, која е поддржана од страна на Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука, во исто време, пример за интегрираното образование, што е институционализиран во целиот образованен систем на нашата земја. Од друга страна, во 2012 година, средното училиште "Мирко Милески", е поделен на два

дела, односно е основан второто средно училиште "Дрита", во истата зграда каде што наставата се одвива на албански јазик, а во "Мирко Милески" настава се одвива на македонски и на турски јазик, со што стана поделба на учениците врз основа на јазикот,

Иако на прв поглед све изгледа добро извештајот од истражувањето спроведен од Демократската Асоцијациа покажува дека се уште има голем број предизвици во разбирањето и меѓукултурното и меѓуетничкото живеење во Општина Кичево. Како еден од главните предизвици со кои, во извештајот се нагласува е образованието и образовниот процес, односно потребата на квалитативно интегрирано образование, која ги зема во предвид културните и етничките разлики, и промовира меѓукултурното разбирање и критичко размислување, како и квалитетни содржини за учениците од училиштето.

Во извештајот исто така се наведува дека постои потенцијал за живеење на мултикултурна општина, а не да се користи до крајот, младите се поделени по етнички линии и нивната комуникација е доведена до минимум. Во овој контекст, тоа ја нагласува потребата за најголем број на заеднички активности, што припадниците на различните заедници подобро ќе го препознае и пристап, ви извештајот конкретно се вели дека е неопходно да се инвестира во инфраструктурата, и многу повеќе квалитетни програми за млади, кој ќе им овозможи да се дружат надвор од училиштето, во слободно време, и да соработуваат на конкретни активности, продуктивни и конструктивни.

Во училиштата на подрачјето на Кичево се спроведуват неколку проекти како интегрираното образование и мултикултурните работилници кои се спроведуват во ОУ Санде Штеријоски, во овие работилници се вклучени учениците од сите етнички групи. Според јазикот на кој се изведуват овие работилници можат да бидат македонско – албанска група, турско- македондка, албанско- ромска и др. Реализаторите задолжително мора да бидат од јазичната група на која и припаѓа работилницата. А од друга страна учениците кои учествуват во рамките на овие работилници морат да бидат избирани на демократски начин, што значи пријавување на сопствена желба и потпошана согласност на родителите. Работлиниците се поделени во четри возрасни циклуси и тоа: прва возрасна група се учениците од второ и трето оделение, втора возрасна група се учениците од четврто и пето оделение, трета возрасна група есе учениците од шесто и седмо оделение и четвртата возрасна група се учениците од осмо и деветото оделение. Составот на учениците кои учествуваат во овие работилници мора да биде направен според

определени критериуми. Тоа значи дека секоја од групите треба да биде составена од ист број на учесници најчесто 24 од по 12 учесници кои припаѓат на етничката заедница на која се одвива работилницата. Секоја од тие групи на 12 учесници треба да биде полово баланисирана односно треба да има 6 момчиња и 6 девојчиња. Овие работилници се одржуват еднаш седмично, во исто време и исто место според договорот кој бил постигнат на почетокот на формирањрто на групите. Мултикултурните работилници се делат на воведни, мултикултурни и изведбени работилници, и секој учесник зборува на својот мајчин јазик. Целта на овие работилници пред се е меѓусебното запознавање на учесниците но и на реализаторите, запознавање со меѓусебните сличности. Прифаќање и почитување на разликите кај другите и дружење кој ќе продолжи и надвор од училишната просторија.

Од друга страна во средните училишта од 2012 година се спорведува проектот за безбедност во овие училишта со цел  да се подобри безбедноста на учениците во училищтата, да се намали степенот на насилство и асоцијалното однесување на младите, преку организирање на работилници за подигање на свеста за намалување на насилството и вклучување во градењето на безбедноста на сите ученици, нивни родители и образовниот персонал. Со реализацијата на овој проект се очекува зголемена безбедност на децата во училищтата и надвор од нив, згплемување на меѓусебна доверба и зголемување на мултиетничката комуникација и толеранција. Овој пројект ќе се спрпведува во тесна соработка на полицијата со Општина Кичево – Сектор за образование, средните училишта, ДПИ и други институции и НВО чиј домен на работа е справување со насилство, безбедност и мултиетничка толеранција меѓу учениците. Проектот е подржан и од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Исто така, во овие училишта во соработка со Цревениот Крст во Кичево се спроведува проектот на ПХВ. Во рамките на овој проект се спроведени неколку активности како што се заедничките ликовни изложби каде беа вклучени ученици од двете средни училишта, и организирање на неколку хуманитарни активности со цел да се подигне свестата кај учениците дека треба да се живе заедно и тоа еден со друг а не еден до друг.

# II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Поим и дефинирање на проблемот на истражување

Република Македонија е мултиетничка држава која долго време се бори со последиците од процесите на транзицијата кои негативно влијаат на социјалната нестабилност, економскиот и политичкиот развој на земјата. Иако помина повеќе од десет години од конфликтот, постоењето на етничките тензии и национализмот е уште еден голем проблем кој дополнително влијае и го попречува процесот на развој и стабилност на државата и политичката интеграција во ЕУ. Како важна алка во градежниот синџир на меѓуентичките односи и мир во заедницата се младите .

Различните варијанти на живот, различните вредности кај многубројните културни групи (етнички заедници) кои живеат на нашите простори им го наметнуваат на нивните деца проблемот на приспособување. Процесот на акултурација не е лесен, напротив тој е полн со опасности. Предрасудите на една заедница во однос на друга, сегрегацијата на некои малцинства, борбата на оние кои се помалку привилегирани да бидат прифатени од оние кои се повеќе привилегирани, отфрлувањето на старите генерации од страна на помладите кои копнеат по нов начин на живот – ова ја загрозува сигурноста на децата. Нашето општество го сочинуваат повеќе супкултури со различни вредности, обичаи и надежи. Токму заради тоа се јавува голема фреквенција од разновидни проблеми во однесувањето на учениците.

Во земјата е остварен значителен напредок во зголемување на достапноста на сите нивоа на образование за децата од различните етнички заедници. Особен напредок се забележува во образованието на мајчин јазик, но исто така и во децентрализацијата со која општините се одговорни за управување со училиштата. Наставниот план за основното образование е сменет и ги содржи принципите на мултикултурализмот.

Имајќи предвид дека мултикултурализмот и добрите меѓуетнички односи се важни карактеристики на квалитетното образование кое води до подобрување на резултатите на учениците, во наредната фаза на образовните реформи овие елементи треба особено да се

нагласат. Мултикултурализмот и адресирањето на меѓуетничките односи во образованието претставуваат основа за меѓусебното разбирање и градењето на кохезивно општество. Учениците во оваа земја прво треба да научат да ги разбираат, прифаќаат и почитуваат разликите во сопствената земја за да се интегрираат во сопственото општество. Потоа тие може да тежнеат кон потполна интеграција во Европското семејство. Но во последно време во медиумите и јавниот живот значајно место заземаат извештаите за се поизразената тенденција на поделба по етничка основа во училиштата.

Кичево е општина која се состои од градот на Кичево со околните села, додека населението се состои од преставници на етничката задница на албанците, македонците, турците и ромите, според редот на застапнос во проценти.[5] Населението главно живее во етнички населби, што доведува до живот поделени по етнички линии. Во последните локални избори, Кичево искусни значајни промени - се случи реструктуирање на општинските граници, а со тоа се менува и етничката структура на населението, а истовремено за прв пат кандидат за градоначалник е избран од страна на албанската политичка партија. Општината нема посебна програма за унапредување на меѓуетничкиот дијалог и интеркултурно разбирање, но работи преку заеднички активности со граѓанскиот сектор и училиштата. Во Општина Кичево функционират 9 основни училишта со 3974 ученици, две средни училишта со вкупно 2770 ученици, и една детска градинка.[6] Образовните институции и односите меѓу младите луѓе се еден од клучните прашања од меѓуетничките односи во општината. Минатата година средното училиште "Мирко Милески" е поделена во два дела, односно е основано второто средно училиште "Дрита", во истата зграда, каде што наставата се одвива на албански јазик, додека во "Мирко Милески" остана настава на македонски и турски јазик.

Од друга страна, во основното училиште "Санде Штерјовски " наставата се одвива на три јазици (македонски, албански и турски) во истиот простор и во иста смена. Ова училиште е дел од проектот за меѓуетничка интеграција на УСАИД. Наставниците во ова училиште се многу активни во активности за учење и вонпаставните и дополнителна

---

[5] Албанци – 30,927; Македонци-20,278; Турци- 2,998; Роми- 1,631; Срби-102; Влашки- 76; други етнички заедници- 731 жители·

[6] *Politikat dhe praktikat ndërkulturore në komunat Gostivar, Tetovë, Kërçovë, Bërvenicë, Vrapçisht, Jegunovcë*, прирачник, AD, стр.27

обука со која ги надградуват нивните знаења. Овие активности им придонесуват точки во нивната професионална надградба, тоа е мотивирачки фактори за нивното учество.

Во март 2013 година, во детската градинка "Олга Мицевска" во општина Кичево за прв пат се отвора Мозаик - двојазично предучилишна група (македонски и албански), која обезбедува можности за интегрирано образование од рана возраст. Мозаик е модел на интегрирани групи, мултикултурно, двојазично образование во детските градинки во Македонија, каде што децата на возраст од 3-5 години од различни етнички групи поврзани во една мултикултурна средина, под водство на мешан етнички тим на двајца педагози. Тоа е проект на Центарот за заедничка основа, која е поддржана од Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука. Истовремено, моделот Мозаик е веројатно единствениот пример на интегрирано образование која е целосно институционализиран во образованиот систем на Република Македонија.[7]

Основното училиште "Санде Штерјовски " е дел од Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието (PINA) , каде што се спроведуват неколку активности како што се: прифаќањето на првачињата во организацијата на децата, денот на турското образование, денот на училиштето и презентацијата на работените производи во повод на Курбан Бајрам. Исто така во ова училиште се спроведуват и мултикултурните работтиници.

Додека во средните училишта Мирко Милески и Дрита се спроведуват програмите за интергрирано образование, проектот Безбедно училиште и проектот Промоција на хумани вредности на Црвен Крст.

## 2. Релевантини досегашни истражувања

Со оглед на мултиетничкиот состав на населението на Република Македонија меѓуетничките односи се една од главните теми за успешно функционирање на државата и демократското општеството. Поради разновидноста (разновидност) во општеството (етнички, културни, религиозни) се спроведувале повеќе програми и истражувања на оваа тема. Истражувањето и таквите теми се спроведувале откако Македонија прогласи независност, и по конфликтот во 2001 година, нивниот интензитет се зголеми.

[7] Прирачник , AD, стр. 27

Во прилог на ова ќе бидат прикажани резултати од неколку емпириски истражувања кои се релеванти и ја поткрепнуват потребата за ова истражување од ваков вид кај нас.

Според истражувањето на УНИЦЕФ "Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието" објавено во 2009 година, истражување во која се анализират можностите на образовниот систем да промовира и да обезбеди почитување, толеранција и прифаќање. Преку голем број на анкети во кои беа испитани перцепции што учениците, родителите и наставниците од македонската и албанската етничка имаат еден кон друг, и како тие комуницираат едни со други. Истовремено, се анализира и наставните програми и книги за основното училиште.

Студијата дава заклучоци и предлози од некои погледи на образовниот систем во земјата. Училишта се исто така поделени по етничка линија и се однесува на моделот на поделба наместо на моделот на интеграција, како и за односот на физичката поделба како и учеството во заедничките активностите. Се препорачува да се преземат неколку мерки за наставниците и учениците да ги прифатат моделот на интеграција наместо сепарација, како што се: создавање на повеќе можности за интеракција и вистинска соработка помеѓу учениците и континуирана обука на вработените во образование на развивање на нивниот капацитет за спроведување на интегрирано интеркултурно образование во нивната пракса.

Во однос на наставната програма, се препорачува понуда за поголемо учење на историјата и јазиците на "другиот", како и општиа подготовка за учењето да содржат повеќе елементи на мултикултурно образование и за промовирање на вредностите и принципите на почитување и толеранција. Анализата на учебниците дојде до заклучок дека тие наместо да овозможат унапредување на односите промовират етноцентрични односи.

Во однос на јазичната-етничката сегрегација во училиштата, студија потврдува дека јазичната поделеност во училиштата доведе кон етничка поделба а таквите изолати главно се студенти на албанска националност кои имаат помалку можности за контакт со другите етнички групи. Студентите од македонската националност пак имаат можност да посетуваат настава со учениците од другите етнички групи како Ромите, Србите, Власите и Турците. Препорачливо е Министерството за образование и наука (МОН) да развие стратегија која ќе промовира соработка помеѓу еднојазичните училиштата, а мешаните

заедници да нудат часови во мешаните училишта, да имат повеќе јазичени заеднички активности воннаставните и максимална можна комуникација меѓу учениците од различни наставни јазици.

Според истражувањето на Асоцијација за демократски иницијативи, заедничкото учење е многу важно затоа што студентите кои доаѓаат од училиштата со мешани етнички групи се потолерантни кога одат во средно училиште или генерално понатаму во животот.

Училиштата се места каде што главно се спроведувани или се спроведуват проекти за етничка интеграција. Никои од испитаниците се надеват дека некои од проектите имплементирани имале позитивно влијание, а некои давале минимални резултати. Кога наставниот кадар е преоптоварен со наставата, како и личните обврските , потешко тогаш тие се заложат за дополнителни активности со учениците. Затоа, би било многу корисно ако интегрирани активности на учениците ќе бидат дел од учењето и редовната плата на наставниците. На пример, проект- активности и слободните часови во средните училишта на учењето нудат можности за студентите да се интегрираат и пожелно е предложените интегрирани активности да се институционализират преку ваквите образовни структури. Еден таков пример е програмата "светското наследство во рацете на младите" на УНЕСКО, која Центарот за стручно образование и обука ги формализираше како бесплатни часови за наставници / ученици од професионалните училишта и разви конкретна програма за овој час, што е дел од менито на располагање за училишта од овој вид на часови . Со добро развиена формална структура, активностите за интергација на учениците од различни етнички групи не зависат од надворешни проекти и спонзори.[8]

### 3. Предмет на истражувањето

Живееме во општество, кое, според жителите се декларира како општество во кое циркулираат припадници на повеќе етнички групи, националности, религии и на култури, тогаш мора да се наметне и потребата за истражување на односите помеѓу луѓето во тоа општество.

[8] Прирачник , AD, стр. 28

Образованието е клучниот сегмент за унапредување на меѓуетничките односи. клучните наоди покажуваат дека во некои училишта е забележан поделба по етничка основа што студентите имаат помалку можности да се запознат поблиску, да разбиат меѓусебни пријателства и да живеат едни со други, во споредба рамо до рамо. Како резултат на тоа, постои потреба да се создадат повеќе можности за интеракција и соработка меѓу студентите и навистина континуирана обука на професионалниот наставен кадар за да се развие нивниот капацитет за спроведување на образование интеркултурно образование во нивната пракса. Со тоа цел скоро во сите образовни институци во градовите на Р. Македонија вклучувајќи и образовните институци во Кичево се спроведуват мултикултурни програми и разни проекти со цел да се подобри меѓуетничкиот соживот, а се зголеми меѓуетничкиата толеранција и младите да се ослободат од предрасудите кој ги наследеле од своите предци со цел да се избегат меѓуетничките тензии.

Но се поставува прашањето: *Колку се ефективни овие програми и проjекти и кои се ефектите од нивната примена? Колку блијат врз меѓетничкиот соживот во Кичево?*

Токму да се даде одговор на овие прашања е целта на ова истражување, да даде податоци за ефектите на примената на мултикултурните програми врз соживотот во Кичево. Истражувањето ќе опфати училишта од подрачјето на Кичево на сите нивоа на образованието.

Во проучувањето на предметот на истражувањето ќе се примени теориско-емпириско истражување, односно комбинирана теоретско-емпириска постапка.

## 4. Цели и задачи на истражувањето

*Општата цел* на ова истражување е стекнување на определено научно сознание за предметот на истражувањето но и апликативност на тоа истражување за истото да добие општествена оправданост.

*Главната цел* на ова истражување е да се истражи поврзаноста помеѓу примената на мултикултурните програми во образовните институции и меѓуетничкиот соживот во Кичево, односно да се увиди колку мултикултурните програми што се применуват во образовните институции блијат врз соживотот во Општина Кичево, и кој се ефектите.

Цели на истражувањето

- Дијагностицирање на појавата на мултикултурините програми во образовните институции.
- Утврдување на ефектите од примената на мултикултурните програми врз соживотот во Општина Кичево
- Да придонесе нови сознанија кои се однесуваат на значењето на позитивното влијание на мултикултурализмот врз толеранцијата помеѓу учениците од различни етнички групи , која пак се рефлектира на соживотот низ целото општество во подрачјето на Општина Кичево.

## 5. Хипотези на истражувањето

**Општа хипотеза**

*Примената на мултикултурните програми во образовните институции блијае врз соживотот во општина Кичево.*

**Посебни хипотези**

- Примената на мултикултурните програми во образовните институции влијае во намалувањето на етничките предрасуди во општина Кичево
- Примената на мултикултурните програми во образовните институции влијае во зголемувањето на меѓуетничката толеранција во општина Кичево.
- Примената на мултикултурните програми во образовните институции влијае врз меѓуетничката комуникација и интергација во општина Кичево.

**Релевантни ( поединечни) хипотези**

- Постојат разлики во влијанитето на мултикултурните програми во образовните институции врз соживотот во општина Кичево во поглед на местото на живеење, и годините на учесниците на овие програми.

- Постојат разлики во влијанието на мултикултурните програми во образовните институци врз соживотот во општина Кичево во поглед на етницката припадност на учесниците на овие програми.

## 6. Варијабли на истражувањето

Од предметот на предложеното истражување како *независна варијабла* се јавуват мултикултурните програми.

*Зависни варијабли* се : соживотот во општина Кичево, меѓуетничката толеранција, меѓуетничката комуникација и инетеграција и етничките предрасуди.

*Релеванти варијабли* се: местото на живеењето, етничката припадност и годините на учесниците на мултикултурните програми во образовните институции.

## 7. Методологија на истражувањето

### 7.1. Примерок од истражувањето

Истражувањето ќе се спроведе во три училишта во подрачјето на Кичево, едно е основното училиште “Санде Штерјовски” и двете средни училишта на албански јазик средното училиште “Дрита” и на македонски јазик “Мирко Милески” во општина Кичево.

Како популација во нашето истражување се јавуваат учениците вклучени во мултикултурните програми и ученици кои не се вклучени во такви програми.

### 7.2. Мерни инструменти

Во овој истражувачки проблем ќе биде користено: дескриптивниот метод со цел да се опишува појавата и најзините карактеристики; каузалниот метод со цел да се испитува

причинско- последичната поврзаност помеѓу основите на истражувањето (мултикултурните програми и соживотот во општина Кичево).

**Постапки**

- Анкетирање - Анкетирање на директорите, наставниците и учениците вклучени во овие програми.

**Инструменти**

- Анкетни прашалници

**Опис на инструментите**

Писмен прашалник и личен контакт меѓу испитаникот и испитувачот (комбинирана анкета). Прашалникот кој ќе го користиме според карактеристиките на прашањата е комбиниран. На задавањето ќе му претходи објаснување дека испитувањето е доброволно и анонимно. Истражувањето ќе се спроведе во периодот на декември 2014 година. Пополувањето на зададените инструменти ќе трае 30 минути.

## 8. Статистичка обработка на податоците

Главната хипотеза и најзините подхипотези ќе се тестират преку утврдување корелација меѓу варијаблите. Утврдувањето на поврзаноста се прави со Пирсовиот кофициент на корелација на целиот примерок.

Анализа на податоците од истражувањето е направена со користење на статистичкиот пакет SPSS (Statistical Package for Social Sciences), од каде може да се измери фреквенцијата,процентуалната застапеност на податоците, мерките за централна тенденција (мода, медијана, стандардна девијација, дисперзија), како и графички приказ на податоците (хистограм).

## 1. Дескриптивна обработка на примерокот

Пред да почнеме со обработка на податоците предходно да напоменеме неколку факти и карактеристики за примерокот во оваа истажување. Со ова истражување се опфатени вкупно 192 ученика од трите училишта во Кичево и тоа 96 ученика од Основното училиште Санде Штерјоски, 48 од Средното Училиште Мирко Милески и 48 од средното Училиште Дрита, прикажано во табелата подоле:

**Преглед број 1.**

| | Фреквенција | Процент | Валиден Процент | Комулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| ОУ-Санде Штерјоски | 96 | 50.0 | 50.0 | 50.0 |
| ОСУ-Мирко Милески | 48 | 25.0 | 25.0 | 75.0 |
| ОСУ-Дрита | 48 | 25.0 | 25.0 | 100.0 |
| Вкупно | 192 | 100.0 | 100.0 | |

Според возраста по предходна визуелна компарација на горната табела може да се заклучи дека се работи за две групи на деца и адолосценти и тоа, тие од основното училиште се 96 ученика на возраст од 7-15 години, и втора возрасна група се адолесценти од двете горе наведени средни училишта во Кичево и тоа вкупно 96 ученика помеѓу 15-18 години. Оваа укажува на фактот дека може да се очекуваат релевантни резултати од истражувањето.

**Преглед број 2. Структура на испитаниците според возраст**

| | Фреквенција | Процент | Валиден Процент | Комулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| 7-15 | 96 | 50.0 | 50.0 | 50.0 |
| 15-18 | 96 | 50.0 | 50.0 | 100.0 |
| Вкупно | 192 | 100.0 | 100.0 | |

**Преглед број 3. Структура на испитаниците според пол**

| | Фреквенција | Процент | Валиден Процент | Комулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| Машки | 74 | 38.5 | 38.5 | 38.5 |
| Женски | 118 | 61.5 | 61.5 | 100.0 |
| Total | 192 | 100.0 | 100.0 | |

Горе наведената табела за фреквентноста на субјектите според пол кажува на фактот дека во оваа истражување доминира по бројност женската популација од скоро 62% наспроти машкиот пол со 38%. Поради ваквата непропорционалност на мострата според полот во следните конклузивни статистики ќе мора да се применат методата на т-тестот за диферентноста на средните големини помеѓу субјектите според пол за да се носат по релевантни заклучоци при интерпретација на хипотезите.

**Преглед број 4. Структура на испитаниците според националност**

| | Фреквенција | Процент | Валиден Процент | Комулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| Албанска | 96 | 50.0 | 50.0 | 50.0 |
| Македонска | 96 | 50.0 | 50.0 | 100.0 |
| Total | 192 | 100.0 | 100.0 | |

Како што беше нагласено и во проектот на истражувањето претходно така и пропорцијата помеѓу националната припадност на субјектите е запазена и тоа 96 субјекти се од македонска националност и исто така 96 се од албанска припадност, по што исто така може да заклучиме дека добиените резултати ќе бидат релеванти и валидни според истражувачките очекувања.

Исто така, е запазена и рамномерната пропорција помеѓу субјектите кои учествувале во наведените проекти и субјектите што воопшто не учествувале на проекти од овој карактер. Оваа пропорционалност произлегува од потребата или задачата на целото истражување поради компарација помеѓу овие две горенаведени групи за да се види или заклучи за ефектите на проектите со меѓуетничка интеграција во образованието

и со тоа врз целовкупниот соживот помеѓу различни етникуми во општина Кичево. Ова пропорција е наведена во долната табела според учество:

**Преглед број 5. Структура на испитаниците според учество во проектот**

| | Фреквенција | Процент | Валиден Процент | Комулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| Учествувал во ПРОЕКТ | 96 | 50.0 | 50.0 | 50.0 |
| НЕ-учествувал во ПРОЕКТ | 96 | 50.0 | 50.0 | 100.0 |
| Вкупно | 192 | 100.0 | 100.0 | |

Исто така, како што е наведено и во проектот на истражување, една варијабла според кои и се заснова и една хипотеза е и местото на живеење на субјектот и неговото влијание врз ставот на субјектот за соживотот во општина Кичево. За жал, немаме размерна пропорција во овој сегмент и затоа во понатамошните статистички анализи во интерпретација на хипотези ќе се користи посложени методи на т-тест за разликата на средните големини помеѓу субјектите кои живеат во руралните места и оние во урбаните места во општина Кичево. Значи, 18 субјекти се анкетирани од рурални места, села наспроти 174 субјекта од урбани места од вкупно 192 субјекти.

**Преглед број 6. Структура на испитаниците според место на живеење**

| | Фреквенција | Процент | Валиден Процент | Комулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| Село | 18 | 9.4 | 9.4 | 9.4 |
| Град | 174 | 90.6 | 90.6 | 100.0 |
| Total | 192 | 100.0 | 100.0 | |

Мора да се напомене дека во истражувањето се анкетирани и 10 наставника опфатени од сите три училишта и нивните податоци ќе се обработуваат заедно со податоците на учениците поради фактот што и анкетарот за наставниците имаше истата цел за мерење на став за соживотот во општината.

## 2. Валидноста на анкетарот

Веродостојно во процесот на истражувањето пред обработката на податоците се зголемува со посочување на коефициентот за валидноста на анкетарот за да утврдиме со колкава статистичка грешка се обработени податоците од кои и ќе произлезат заклучоци за хипотезите. Значи, според алфа-кронбах метода се доби коефициент околу 0.60 што значи дека располагаме со инструмент од кое може да очекуваме добри резултати и валидни и релевантни поради фактот што ваквите анкетари од ваков тип добиваат коефициент од 0.50 па до 0.80, значи констатираме дека анкетата спроведена во ова истражување го исполнува условот за еден валиден и стандарден социо-психолошки инструмент.

**Reliability Statistics**

| Cronbach's Alpha | N of Items |
|---|---|
| .597 | 20 |

## 3. Обработка на податоците и интерпретација на хипотезите

А). Главната поставена цел на оваа истржување беше да се утврди ефектот на мултикултурните програми врз целовкупниот соживот во општина Кичево, така се постави и главната и општата хипотеза на истражувањето:

„*Примената на мултикултурните програми во образовните институции влијае врз соживотот во општина Кичево.*“

За да се обработат податоците статистички и да се дојде до оваа цел да изведе заклучок од истите, неопхедно е да се сумираат сите одговори од трите можни алтернативи во анкетарот и притоа да се категиризираат ставовите на субјектите според трите нивоа за соживотот и тоа, според мислења кои мислат дека **нема соживот**, ставови кои тврдат дека **има соживот** и тие што освен што мислат дека има соживот истиот го сметаат за **идеален соживот**, според ваквата нивелирање на ставовите и после обработка на истите по фреквентност го добиваме следното:

**Преглед бр. 7. Ставовите за Соживот**

| | Фреквенциа | Процент | Валиден Процент | Комулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| Нема Соживот | 10 | 5.2 | 5.2 | 5.2 |
| Има Соживот | 151 | 78.6 | 78.6 | 83.9 |
| Идеален Соживот | 31 | 16.1 | 16.1 | 100.0 |
| Total | 192 | 100.0 | 100.0 | |

Графикон бр.1.

**Генерален став на субјектите за Соживотот во Кичево**




Според горе наведената табела и графикон може да заклучиме дека над 78% од субјектите во истражувањето имаат позитивен став за соживотот и викаат дека има соживот, интересно е и фактот дека над 16% мислат дека соживотот е идеално наспроти 5.2% кои имаат негативен став за соживотот и мслат дека нема соживот. **Може да заклучиме дека оваа популација од ученици и наставници кои учествувале наспроти оние кои**

**неучествувале во мултикултурни програми и проекти генерално имаат позитивен став за соживотот помеѓу различни етникуми во општина Кичево, кои мислат дека има соживот помеѓу нив.** Но, дали овие мултикултурни програми и проекти имаат придонес за таква констатација на ставови не може да се заклучи но, во понатамошните статистички анализи со компарација на двете погрупи кои учествувале и кои не во горенаведениете проекти и програми ќе се констатира и ќе се донесе заклучок дали имаат или немаат влијание врз ставовите и со тоа директно на соживотот во општина Кичево.

Б).

Следни две хипотези кои може да се анализираат со вакви статистики се:

*„Примената на мултикултурните програми во образовните институции влијае во зголемувањето на меѓуетничката толеранција во општина Кичево„*

*„Примената на мултикултурните програми во образовните институции влијае врз меѓуетничката комуникација и интергација во општина Кичево„*

**Преглед бр. 8. Комуникација_Толеранција помеѓу етникуми**

| | | Фреквенца | |
|---|---|---|---|
| | | N | Процент |
| Комуникација помеѓу етникуми[a] | НЕМА | 41 | 21.5% |
| | Неутралност | 37 | 19.3% |
| | ДА ИМА | 114 | 59.2% |
| Total | | 192 | 100.0% |

Графикон бр. 2.

**Ставот на субјекти за меѓуетничка Комуникација и Толеранција**




По обработката на податоците од истражувањето, добиени се резултати што кореспондираат со горе наведените резултати за соживотот и тоа дека над 59% од испитаниците мислат дека има комуникација и толеранција, наспроти 22% кои се определиле како неутрални во однос на оваа прашање и 19% кои тврдат дека нема комуникација и толеранција помеѓу различни етноси во општина Кичево. Истите наведени во горната табела и графикон.

Исто така, позитивната корелација помеѓу тврдењата за соживот и ставовите на испитаниците за соработката помеѓу етникуми се потврдува во следниот преглед, и тоа:

**Преглед. Бр. 9. Соработка**

| | | Фрекуенца | |
|---|---|---|---|
| | | N | Процент |
| Меѓуетничка Соработка[a] | Еднаш | 50 | 25.9% |
| | Често | 77 | 39.8% |
| | Секогаш | 65 | 34.4% |
| Вкупно | | 192 | 100.0% |

Графикон бр. 3




Д).

По анализата на посебна хипотеза:

*„Примената на мултикултурните програми во образовните институции влијае во намалувањето на етничките предрасуди во општина Кичево“* може да се донесе и генерален заклучок за општата хипотеза според кое произлегува дека мултикултурните програми имаат влијание врз соживотот во општина Кичево, заклучокот може да се добие од компарација на ставовите на погрупата на ученици кои учествувале во овие програми наспроти ставовите на учениците кои не учествувале во овие програми, и тоа:

Графикон бр. 4.




Во горе наведениот графикон се гледа мала разлика на ставови посебно на нивоата за за тврдењата за имање на соживот и тоа разлика на по еден за тие што учетвувале во мултикултурната програмата. За порелевантни резултати истите податоци ќе ги анализираме со конклузивна статистика со методот на т-тест за споредување на разликите на средната големина помеѓу учесниците и тие што неучествивале во мултикултурни програми, и тоа:

**Group Statistics**

| | | N | Средна г. | Станд. Девија. | Станд. Грешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Соживот | Учествувал во ПРОЕКТ | 96 | **46.67** | 4.194 | .428 |
| | НЕ-учествувал во ПРОЕКТ | 96 | **45.75** | 4.931 | .503 |

**Independent Samples Test**

| | Тестот на Левин за варијации | | Т-тест за средните големини | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | F | Sig. | T | df | Sig. (2-tailed) | Разлика во средни големини | Стандарна грешка во разликата | 95% валидност помеѓу интервалите | |
| | | | | | | | | Долна | Горна |
| ›живот | 4.514 | .035 | 1.387 | 190 | **.047** | .917 | .661 | -.387 | 2.220 |
| | | | 1.387 | 185.233 | **.047** | .917 | .661 | -.387 | 2.220 |

Иако на прв поглед од графиконот ни се чинеше дека нема разлика помеѓу двете подгрупи на тврдењата за соживотот, сепак со т-тест метода во првата табела трета колона се прикажува двете средни големини со мала разлика помеѓу нив но во втората табела шеста колона се прикажува статистичка сињификанца 0.047 што е помала од втората граница на валидност 0.05, **по што може да заклучиме дека сепак мултикултурните програми и проекти имаат позитивно влијание врз ставовите на учениците за соживотот помеѓу етникуми во општина Кичево.** Значи општат и посебната хипотеза остануваат и се потврдуваат.

Е).

При понатамошната статистичка анализа на податоците ни останува и интерпретацијата на релевантната хипотеза кое поставува фактот дека има разлики во влијанието на овие мултикултурни програми и проекти врз соживотот во општина Кичево во поглед на восраста, местото на живеење на субјектот, но за да имаме целосна слика на импактот на овие програми ќе ги анализираме и варијаблите како што се националноста и полот на субјектот. Да се потсетиме на релевантни (поединечни) хипотези:

*„Постојат разлики во влијанитето на мултикултурните програми во образовните институции врз соживотот во општина Кичево во поглед на местото на живење и годините на учесниците на овие програми“.*

Графикон бр.5.




Во горе наведениот графикон ставот за соживотот на испитаниците според возраста (имавме две возрасни групи 7-15 и 15-18) доминираат позитивните ставови кај помладата возраст тоа е 7-15 кај основците во двете нивоа на категории за соживотот (има соживот и идеален соживот), но уште порелевантно ќе бидат резултатите за заклучок при обработка на податоците со т-тест.

**Group Statistics**

| | Возраст | N | Средна г. | Станд . Девија. | Станд. Грешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Соживот | 7-15 | 96 | **48.03** | 3.127 | .319 |
| | 15-18 | 96 | **44.39** | 5.083 | .519 |

**Independent Samples Test**

| | Тестот на Левин за варијации | | Т-тест за средните големини | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | F | Sig. | t | df | Sig. (2-tailed) | Разлика во средни големини | Стандарна грешка во разликата | 95% валидност помеѓу интервалите | |
| | | | | | | | | Долна | Горна |
| кивот | 25.285 | .000 | 5.986 | 190 | **.000** | 3.646 | .609 | 2.444 | 4.847 |
| | | | 5.986 | 157.893 | **.000** | 3.646 | .609 | 2.443 | 4.849 |

Значи, во првата табела, трета колона се прикажани средните големини за двете возрасни групи за соживотот, се гледа разликата во корист на восрасната група 7-15, но истата се потврдува во другата табела шеста колона кај што се добива статистичка значајност од 0.000 што е помала и од првата граница на валидитет 0.01 што укажува на значајна статистичка диференца на средни големини, со други зборови може **да заклучиме дека има разлика во ставовите и влијанието на мултикултурните програми зависно од возраста на субјектот, или мултикултурните програми и пројекти повеќе влијание имаат кај помалата популација или кај учениците од основни училишта.**

Анализите ги продолжуваме со констатација за влујанието на мултикултурните програми врз ставовите на учениците според нивниот пол:

Графикон бр. 6.




Поради непропорционалноста на мострата според полот на субјектите во корист на женската популација во оваа истажување се добива фреквентност како во графиконот погоре затоа со методод на т-тест ќе тестираме да видиме дали оваа разлика по средна големина има статистичка значајност:

**Group Statistics**

| | Пол | N | Средна г. | Станд. Девија. | Станд. Грешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Соживот | Машки | 74 | **45.69** | 4.453 | .518 |
| | Женски | 118 | **46.53** | 4.661 | .429 |

**Independent Samples Test**

| | Тестот на Левин за варијации | | Т-тест за средните големини | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | F | Sig. | T | df | Sig. (2-tailed) | Разлика во средни големини | Стандарна грешка во разликата | 95% валидност помеѓу интервалите | |
| | | | | | | | | Долна | Горна |
| Соживот | .203 | .653 | -1.243 | 190 | **.215** | -.845 | .679 | -2.185 | .496 |
| | | | -1.256 | 160.477 | **.211** | -.845 | .672 | -2.173 | .483 |

Средните големини се прикажани во првата табела во трета колона, од каде се гледа разлика во тие две средни големини сепак таа разлика нема статистичка значајност кое може да се утврди со значајноста на разликата во втора табела, шеста колона од 0.215 што е поголемо и од втората граница за валидност, со други зборови **може да се заклучи дека нема разлика на ставови од влијанието на мултикултурни програми според полот на ученикот.**

Иста таква една констатација може да се донесе и по анализата при обработка на податоците за влијанието на мултикултурните програми и проекти врз ставовите на учениците за соживотот генерално, и при интерпретација на релевантната хипотеза според националноста на испитаникот, како што е наведено и подолу со графикон и двете табели за т-тест:

Графикон бр. 7




**Group Statistics**

| | Националност | N | Средна г. | Станд. Девија. | Станд. Грешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Соживот | Албанска | 96 | **46.63** | 4.290 | .438 |
| | Македонска | 96 | **45.79** | 4.856 | .496 |

**Independent Samples Test**

| | Тестот на Левин за варијации | | Т-тест за средните големини | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | F | Sig. | t | df | Sig. (2-tailed) | Разлика во средни големини | Стандарна грешка во разликата | 95% валидност помеѓу интервалите | |
| | | | | | | | | Долна | Горна |
| живот | 3.247 | .073 | 1.260 | 190 | **.209** | .833 | .661 | -.471 | 2.138 |
| | | | 1.260 | 187.160 | **.209** | .833 | .661 | -.471 | 2.138 |

**Значи, може да се заклучи дека нема разлика на ставови од влијанието на мултикултурни програми според националноста на ученикот,** поради што во втората табела во шеста колона се добива значајност од 0.209 што е поголема од втората граница 0.05 на валидност.

Наредната варијабла според која може да има различно влијание ефектот на мултикултурните програми врз ставот за соживотот во општина Кичево е и местото на живеење како што налагаше и горенаведената релевантна хипотеза:

Графикон.бр. 8.




Графиконот прикажува непропорционална фреквентност помеѓу ученици кои живеат во урабни населенија и рурални, во корист на урбаното, затоа ќе примениме т-тест анализа:

**Group Statistics**

| | Место на живеење | N | Средна г. | Станд. Девија. | Станд. Грешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Соживот | Село | 18 | **47.72** | 3.862 | .910 |
| | Град | 174 | **46.05** | 4.639 | .352 |

**Independent Samples Test**

| | Тестот на Левин за варијации | | Т-тест за средните големини | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | F | Sig. | t | Df | Sig. (2-tailed) | Разлика во средни големини | Стандарна грешка во разликата | 95% валидност помеѓу интервалите Долна | Горна |
| ›живот | .943 | .333 | 1.475 | 190 | **.142** | 1.670 | 1.133 | -.564 | 3.905 |
| | | | 1.712 | 22.403 | **.101** | 1.670 | .976 | -.351 | 3.692 |

Разликата што е прикажана во првата табела нема статистичка значајност поради резултатите од втората табела, шеста колона од 0.142 што е поголема од втората граница 0.05 на валидноста, со други зборови, **мултикултурните програми и проекти немаат влијание врз ставот на учениците според нивното место на живеење.**

Значи, да сублимираме, според релевантната хипотеза : *„Постојат разлики во влијанитето на мултикултурните програми во образовните институции врз соживотот во општина Кичево во поглед на местото на живење и годините на учесниците на овие програми“,* **разлика на влијанието на мултикултурните програми во образовните институции во општина Кичево има само според годините на испитаникот, во корист на возраснат група од 7-15 години односно во основното образование , но нема влијание според местото на живеење**. Значи, релевантната хипотеза делумно останува и се потврдува делумно.

Ако нашите анализи ги прошириме во една друга насока за разлика на ставовите или влијанието на мултикултурните програми врз ставовите на испитаниците во зависност од кое училиште се, тогаш добиваме интересни податоци, со т-тест методот Анова ги добиваме следите резултати:

**Descriptives**

Соживот

| | N | Средна големина | Станд. Девијација | Станд. Грешка | 95% веројатност на интервалите | | Мин. | Макс. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Долна | Горна | | |
| ОУ-Санде Штерјоски | 96 | **48.03** | 3.127 | .319 | 47.40 | 48.66 | 40 | 55 |
| ОСУ-Мирко Милески | 48 | **43.58** | 5.065 | .731 | 42.11 | 45.05 | 32 | 53 |
| ОСУ-Дрита | 48 | **45.19** | 5.026 | .725 | 43.73 | 46.65 | 32 | 55 |
| Total | 192 | **46.21** | 4.589 | .331 | 45.56 | 46.86 | 32 | 55 |

**ANOVA**

Соживот

| | Збир на квадрат | df | Квадрат на средна голем. | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Помеѓу групи | 699.781 | 2 | 349.891 | 19.907 | **.000** |
| | 3321.885 | 189 | 17.576 | | |
| Total | 4021.667 | 191 | | | |

**Соживот**

Tukey HSD

| Училиште | N | Subset for alpha = 0.05 | |
|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 |
| ОСУ-Мирко Милески | 48 | 43.58 | |
| ОСУ-Дрита | 48 | 45.19 | |
| ОУ-Санде Штерјоски | 96 | | 48.03 |
| Sig. | | .103 | 1.000 |




Во првата табела се прикажани средните големини за сите три училишта и се гледа разлика каде ОУ. Санде Штерјоски има најголема средна големина од 48.03 наспроти ОСУ- Мирко Милески со 43.58 и ОСУ-Дрита со 45.19, а во другата табела последна колона се прикажува статистички значајна разлика од 0.00 што е помала од првата граница на валидност 0.01, при што може **да заклучиме дека има разлика на влијанието на мултикултурни програми зависно од училиштето во кое се наоѓа испитаникот,** а последната табела т-тес тест и графикон покажува висината на тие средни големини во графичка форма и нивните групирања. Оваа констатавија уште еднаш ни потврдува

погоренаведената констатација дека има разлика на влијанието на мултикултурни програми врз возраста на ученикот, знаејќи го фактот дека во ОУ-Санде Штерјоски учат ученици од основно образование тоа е 7-15 години.

ЗАКЛУЧОЦИ

- Може да заклучиме дека оваа популација од ученици и наставници кои учествувале и неучествувале во мултикултурни програми и проекти генерално имаат позитивен став за соживотот помеѓу различни етникуми во општина Кичево, кои мислат дека има соживот помеѓу нив.
- може да заклучиме дека сепак мултикултурните програми и проекти имаат позитивно влијание врз ставовите на учениците за соживотот помеѓу етникумите во опшина Кичево.
- може да заклучиме дека има разлика во ставовите и влијанието на мултикултурните програми зависно од возраста на субјектот, или мултикултурните програми и проекти повеќе влијание имаат кај помалата популација или кај учениците од основни училишта.
- може да се заклучи дека нема разлика во ставовите од влијанието на мултикултурни програми според полот на ученикот.
- може да се заклучи дека нема разлика во ставовите од влијанието на мултикултурни програми според националноста на ученикот
- мултикултурните програми и проекти немаат влијание врз ставот на учениците според нивното место на живеење.
- разлика на влијанието на мултикултурните програми во образовните институции во општина Кичево има само според годините на испитаникот, во корист на возрасната група од 7-15 години односно во основното образование, но нема влијание според местото на живеење.
- може да заклучиме дека има разлика на влијанието на мултикултурни програми зависно од училиштето во кое се наоѓа испитаникот.

## Заклучок

Живееме во држава која се уште е во развој и која прави напори нејзиниот напредок да биде во согласност со правилата и принципите на развиените земји. Живееме во држава која е мултикултурна и мултиетничка.

Дебата за мултикултурализам станува се поголема на политичко, филозофско, културно и јазичното поле. Мултикултурализмот многу тешко може да се сфати, но не е невозможно да се спроведе, само ако нема желба и подготвеност за прифаќање на таа политика. Мултикултурализмот има врска со прифаќање или за промоција на многу култури и етникуми на организациско ниво, како училишта, претпријатија, населба, град, држава и др. Поддржувачите на мултикултурализмот исто така ја прифатија интеграцијата, поддршката и поттикнувањето на поединци од различни земји, од етнички или религиозни групи во сите сфери на општеството.

Иако во некои земји како Германија јавно се призна дека мултикултуните политики се неуспешни, во некои земји како Македонија тие политики се гледат како излез од состојбата во која се наоѓаме, каде што етничките конфликти се присутни, децата и младите се полни со предрасуди и се поделени на етничка линија.

Се знае дека основната наклоност на мултикултирализмот е институционалното признавање на идентитетот на "другите", а под "другите", мислиме на оние кои припаѓаат на друга религија, култура и раса различна од онаа на општество каде што живеат. Ова беше постигнато со помош на групана политики кои поттикнуват зачувување на јазикот, културата и историја на малцинствата. Значи целта на интеркултурното образование е да се најде начин кој ја почитува разновидната културна припадност на учениците. Ова се случи преку вклучување на наставни програми во различни активности на отворен план со воведување на сите етнички аспекти во училиште.

Мултикултурното образование е многу важно прашање во поглед на подобрување на меѓуетничките односи и е главна карактеристика на квалитетот на образованието и како такво придонесува за создавање на подобри човечките капацитети и изградба на едно кохезивно општество.

Во поново време, реформите во образованието се сменети исто така и плановите и програмите, со што се создава потребниот простор за интеркултурно образование. Значи интегрирање на наставните програми, овозможуваат сите ученици во ралност да бидат свесни за своите права и обврски како граѓани на едно отворено општество.

Токму овие реформи во образованието се потребни во образовниот систем на нашата земја, и затоа од времето кога Македонија е самостојана држава се преземени низа мерки и реформи во образовниот систем. Образованието во Република Македонија е задолжително за сите деца без оглед на нивната етничка или верска припадност. Според законот за образование во уставот сите деца се едикакви и имат право да се образуват на нивниот мајчин јазик, а од другата страна државата е задолжителна да им обезбеди услови за таков вид на образование. Од другата страна имаме подделени училишта, а од образовниот систем се очекува да преземе конкретни чекори за да го воведе моделот на интеграција на местото на моделот на етничка поделеност кој сега доминира во училиштата. Случај како што е средното училиште во општина Кичево во која до 2012 година сите ученици учеа заедно, но се подели и се оформи второто средно училиште каде настават се одржува на албански јазик иако во иста зграда и во иста смена. Од другата страна во централното основно училиште во Кичево порано ја немало стратегијата на етничка поделба која се применува сега – учениците Македонци и Албанци сега учат во исти смени (три), но поделени на различни спратови. Училиштето има и помошна зграда во која учат само учениците од 5 и 6 одделение, во две смени кои се јазично мешани, а во негов состав работи и подрачно училиште со албански наставен јазик.

Во овие училишта се спроведуват неколку мултиетнички програми како што се интергираното образование, мултикултурните работилници, проектот безбедно училиште и во соработка со Црвениот Крст на Кичево се спорведува ПХВ пројектот со цел кај учениците да ја вдигнат свестат за меѓуетничко живеење, да се надминат предрасудите кои се негуват со години во овие простори, да научат да живееат еден со друг, да се обезбеди комуникација и меѓусебно запознавање меѓу учениците кои учат на различни јазици.

Токму ова е причината за ова истражување, да се види дали овие програми се ефикасни и кои се ефектите од примената на мултикултурните програми во образаовните

институци во општина Кичево врз соживотот. Според ова истражување овие програми имат некаков ефект, помагат во надминувањето на етничките конфликти и етничките предрасудии, исто така помагаат и во растот на меѓусебнта толеранција и комуникација. Учениците кои се вклучеени во овие програми се поголеми оптимисти дека искуството стекнато од овие програми во иднина ќе им помеогне да се справат со вакви ситуации.

Исто така, може да дојдеме до заклучок дека ставовите за соживотот во општина Кичево се позитивни, без разлика на етничката припадност на учениците и без разлика на нивното место на живеење и годините. Значи дека дека овие програми освен што треба да продолжат да се спроведуват така треба и да се зајакнуват со цел да се вклучуват поголем број на ученици, да се обезбеди соработка и на нивните родители и исто така да се реализираат заеднички проекти на општината и училиштата насочени кон промовирање на мултикултурноста во локалната заедница, да се обезбеди меѓуопштинска соработка на повеќејазичните училиштата. Со зголемемувањето на безбеднаст на децата во училиштата и надвор од нив, зголемување на меѓусебна доверба и зглемување на мултиетничката комуникација и толеранција.

## Користена литература


1. Ацески. И. ( 1998), Социологија, Скопје
2. Алаѓозовски Р. (2005) Мултикултурализам со фабричка грешка, во И. Додевски уред., Мултикултурализмот во Македонија: модел во настанување, Скопје, Фондација Институт отворено општество.
3. Атанасов П. (2003), Мултикултурализмот како теорија, политика и практика, Скопје, Евро-Балкан Пресс
4. Атанасов П. (2005), Македонскиот мултикултурален модел: класното и етничкото како фактори на мобилизација, во И. Додевски уред., Мултикултурализмот во Македонија: модел во настанување, Скопје, Фондација Институт отворено општество.
5. Википедиа, Етнички групи. 2010 година http://sr.wikipedia.org/srel,
6. Докмановиќ М., (2005), Мултикултурализам наспрема бикултурализам – една македонска приказна, во Додевски, И. , Модел во настанување, Скопје, Фондација Институт отворено општество
7. Доневска М., (1999), Теоретски основи на социјалната работа, Филозофски факултет, Скопје
8. Доневска М., (2006), Социјална работа во локална заедница, Филозофски факултет, Скопје
9. Ибрахими, М., (2005), Многујазичноста како главен сегмент на мултикултурализмот, во Додевски, И., уред., Мултикултурализмот во Македонија: модел во настанување, Скопје, Фондација Институт отворено општество
10. Илиќ. М, (1978) социологија културе и уметности. Београд
11. Maleska, M., (2010), Interethnic Relations in Macedonia: People Centered Analyses, New Balkan Politic (Issue 12, 2010) - http://www.newbalkanpolitics.org.mk/documents/pdf/NBP,Maleska%20M.pdf,
12. Murtezai E., Fjalor i Filozofisë, (2007), Tiranë,
13. Набљудувачка мисија на ОБСЕ во Скопје, (2010), Возраст, контакт и прецепции, Како училиштата ги оформуваат релациите помеѓу етничките заедници, Скопје, http://www.osce.org/files/documents/7/0/41445.pdf,

14. Naskova, Z, Mehmeti, M dhe Imeri, Sh., Politikat dhe praktikat ndërkulturore në komunat Gostivar, Tetovë, Kërçovë, Bërvenicë, Vrapçisht, Jegunovcë, AD, 2013
15. Петроска-Бешка, В., Најческа, М., Кениг, Н., Балажи, С. И., Томовска, А., Мултикултурализмот и мултиетничките односи во образованието, Канцеларија на УНИЦЕФ, (2009), Скопје,
16. Петроски В, Мирческа С, Петрова-Ѓорѓева Е., Мултикултурните општества и етничко-културната дистанца,
17. Principet e arsimit multikulturor, Мир, 2010
18. Промоција на мултикултурализмот во образованието, Мир, 2013
19. Propozim – plani strategjik për përmirësimin e mirëkuptimit ndërkulturor në komunën e Kërçovës, 2014
20. Sinani,Abdylnaser (2011)Multikulturalizimi apo interkulturalizmi: cili është modeli që i nevojitet Maqedonisë/ Dituria,2011 Nr.5 Vellimi 2
21. Sinani,Abdylnaser Arsmi i integruar në R. e Maqedonisë, Instituti i Pedagogjisë, Shkup,2012
22. Социјални вештини и одговорности на наставници и стручни работници во училиштето, прирачник,
23. Sulejmani, Metush, Nderlidhshmeria dhe ndikimi reciprok i komponentes kulturo-vlerore te procesit edukativo arsimor dhe marredheniet nderetnike në R. E Maqedonisë. Teze magjistrature
24. Shehu, Shaban, (1999) Sociologjia e arsimit .makedonska riznica:Kumanove
25. Училиштет по мерката на детето; анализа на ситуацијата, УНИЦЕФ, (2007)
26. Ташева, М., Ѓуровска, М., Петковска, А., Миноски, К., (1998), Етнички групи во Македонија – Современи состојби, Скопје, Филозофски факултет
27. Трбојевиќ, С., (2008), Влијанието на мултикултурализмот во праксата на социјалната работа и реформите на социјалната држава, Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, магистерски труд
28. Zikel S, The Influence of MulticulturalEducational Practices on Student Outcomes and Intergroup Relations, Teachers College Record Volume 110, Number 6, June 2008

*Интернет:*

- http://soros.org.mk/dokumenti/izvestaj-celosen-za-web-03.pdf
- http://pmio.mk/wpcontent/uploads/2013/08/Obuka_za_megjuetnicka_integracija_vo_obrazovanieto_za_Timovi_za_ucilisnata_integracija.pdf
- http://www.mon.gov.mk/images/stories/dokumenti/integrirano_obrazovanie/OSCE_Kako%20%20ucilistata%20gi%20oformuvaat%20relaciite%20pomegu%20etnickite%20zaednici_mac_1.pdf
- http://soros.org.mk/dokumenti/analiza-na-obrazovanieto-na-romite.pdf
- http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/CFS_baseline_study_mak_final1(5).pdf

## Прилог 1

Анкетниот лист е наменет за учениците вклучени во мултикултурните проjекти од училиштата кои се избирани како примерок во врска со истражувачкиот проект: ефектите од примената на мултикултурините прграми во образовните институции врз соживотот во општина Кичево.

Анкетата содржи 20 прашања кои се однесуват на истражувачкиот проблем . Неопходно е искрено да одговорите на сите прашања а притоа вашата анонимност е загарантирана .

Име на училиштето:

Град/место:

Вашето училиште е:

- Централно
- Подрачно

Пол: а) женски б) машки

Возраст: а) 7 – 15 б) 15 – 18

Место на живење: а) град б) село

Нациналост: ______________________

1. Дали во училиштето во коешто работите постојат повеќе националности?

а) да

б) не

____________________________________________________________(наведете кои)

2. Дали меѓусебе комуницирате на јазик разбирлив за сите?

а) да

б) не

в) не сум сигурен

3. Дали во Вашето училиште, униформата опфаќа фолклорни елементи од сите култури и националности кои функционираат во училиштето?

а) да

б) не

в) не знам

4. Дали училишните приредби опфаќаат обележја, точки и елементи од сите култури и религии?

а) да

б) не

в) не знам

5. Дали Вашето училиште користи лого, слоган или мото кое укажува на мултикултурноста?

а) да

б) не

в) не знам

6. Дали Вашето училиште има химна?

а) да

б) не

в) не знам

7 Дали имаш другари Албанци/Македонци или од друга етничка припаднсот што учат во вашето училиште?

а) да

б) не

8. Дали имаш другари Албанци/Македонци или од друга етничка припаднсот што не учат во вашето училиште?

а) да

б) не

9. Дали верувате дека заедничките екскурзии и излети придонесуваат за подобра интеркултурна атмосфера?

а) да

б) не

в) не сум сигурен

10. Дали имате предрасуди за децата од друга националност или етничка група?

а) да

б) не

в) не сум сигурен

11. Дали верувате дека со примената на мултикултурните програми можете да влијает врз намалувањето на етничките предрасудите во вашата средина?

а) да

б) не

в) не сум сигурен

12. Колку често сте биле дел од мултикултурните програми кои се работеле во вашето училиште?

а) еднаш

б) често

в) секогаш кога се појавило можност

13. Дали верувате дека мултикултурините програми помагаат во подобрувањето на меѓуетничката комуникација во средината ?

а) да

б) не

в) не знам

14. Дали искуството Ви помага при разрешување на конфликтните ситуации во училиштето?

а) често/секогаш

б) понекогаш

в) никогаш

15. Дали верувате дека со примената на мултикултурни програми се намалуват меѓуетничките тензии во средината?

а) да

б) не

в) не знам

16. Дали верувате дека примената на мултикултурните програми ја зголемува меѓуетничкиата толеранција помеѓу учениците на различните етнички групи во училиштето и вон училиштето?

а) да

б) не

в) не знам

17. Дали верувате дека примената не мултикултурните програми во образовните институции влијае врз соживотот во Кичево?

а) да

б) не

в) не знам

18. Дали искуството што го имате стекнато од овие проjекти ви помага да се справите со проблемите од ова област во секоjдневниот живо?

а) често

б) понекогаш

в) никогаш

19. Дали веруваш дека децата од различни етнички групи можат да имат заедничко пријателство?

а) да

б) не

в) не знам

20. Дали мислите дека меѓуетничките тензии можат да се надминат ако имаме мултикултурно образование?

а) да

б) не

в) не знам

## Прилог 2

Анкетниот лист е наменет за учениците кои не ае вклучени во мултикултурните проjекти од училиштата кои се избирани како примерок во врска со истражувачкиот проект: ефектите од примената на мултикултурините прграми во образовните институции врз соживотот во општина Кичево.

Анкетата содржи 20 прашања кои се однесуват на истражувачкиот проблем . Неопходно е искрено да одговорите на сите прашања а притоа вашата анонимност е загарантирана .

Име на училиштето:

Град/место:

Вашето училиште е:

- Централно
- Подрачно

Пол: а) женски б) машки

Возраст: а) 7 – 15 б) 15 – 18

Место на живење: а) град б) село

Националост : ______________________________

1. Дали во училиштето во коешто работите постоjат повеќе националности?

а) да

б) не

______________________________________________________________(наведете кои)

2. Дали меѓусебе комуницирате на jазик разбирлив за сите?

а) да

б) не

в) не сум сигурен

3. Дали во Вашето училиште, униформата опфаќа фолклорни елементи од сите култури и националности кои функционираат во училиштето?

а) да

б) не

в) не знам

4. Дали училишните приредби опфаќаат обележја, точки и елементи од сите култури и религии?

а) да

б) не

в) не знам

5. Дали Вашето училиште користи лого, слоган или мото кое укажува на мултикултурноста?

а) да

б) не

в) не знам

6. Дали Вашето училиште има химна?

а) да

б) не

в) не знам

7 Дали имаш другари Албанци/Македонци или од друга етничка припаднсот што учат во вашето училиште?

а) да

б) не

8. Дали имаш другари Албанци/Македонци или од друга етничка припаднсот што не учат во вашето училиште?

а) да

б) не

9. Дали верувате дека заедничките екскурзии и излети придонесуваат за подобра интеркултурна атмосфера?

а) да

б) не

в) не сум сигурен

10. Дали имате предрасуди за децата од друга националност или етничка група?

а) да

б) не

в) не сум сигурен

11. Дали верувате дека со примената на мултикултурните програми можете да влијаете врз намалувањето на етничките предрасудите во вашата средина?

а) да

б) не

в) не сум сигурен

12. Колку често сте биле дел од мултикултурните програми кои се работеле во вашето училиште?

а) еднаш

б) често

в) никогаш

13. Дали верувате дека мултикултурините програми помагаат во подобрувањето на меѓуетничката комуникација во средината ?

а) да

б) не

в) не знам

14. Дали учеството во мултикултурни проjекти би ви помагал за полесно да ги разрешите конфликтните ситуации во училиштето?

а) често/секогаш

б) понекогаш

в) никогаш

15. Дали верувате дека со примената на мултикултурни програми се намалуват меѓуетничките тензии во средината?

а) да

б) не

в) не знам

16. Дали верувате дека примената на мултикултурните програми jа зголемува меѓуетничкиата толеранциjа помеѓу учениците на различните етнички групи во училиштето и вон училиштето?

а) да

б) не

в) не знам

17. Дали верувате дека примената не мултикултурните програми во образовните институции влиjае врз соживотот во Кичево?

а) да

б) не

в) не знам

18. Дали недостатокот на искуство со проjекти од мултикултура ви одмага во решавањето на проблемите од ова област во секоjдневниот живот?

а) често

б) понекогаш

в) никогаш

19. Дали веруваш дека децата од различни етнички групи можат да имат заедничко пријателство?

а) да

б) не

в) не знам

20. Дали мислите дека меѓуетничките тензии можат да се надминат ако имаме мултикултурно образование?

а) да

б) не

в) не знам